# *СЛУЖБЕН ГЛАСНИК*
# *НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО*


| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Пехчево** | **Четврток 25.01.2024 год.** | **Уредува: Душко Миовски** |
| **Излегува по потреба Гласникот е бесплатен** | **Број 2 - Година 2024** | **Општина Пехчево тел. (033) 441-321** |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на актите од Советот на општина Пехчево**

Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пехчево на 24-та седница одржана на ден 25.01.2024 година, во Службен Гласник на општина Пехчево и тоа:

1. Програма за работа на советот на општина Пехчево за 2024 година;
2. Одлука за утврдување на цените на услугите што ги дава ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево и износот на надоместокот на трошоците за престој, што паѓа на товар на родителите;
3. Заклучок за верификација на мандати на членови на Локален младински совет на општина Пехчево;
4. Одлука за усвојување на Годишен извештај за Програмата за еднакви можности помеѓу мажите и жените на општина Пехчево за 2023 година;
5. Одлука за разрешување и именување на членови на општински совет за превенција на детско престапништво во општина Пехчево;
6. Одлука за усвојување на годишен извештај за работа на ОУ ДК „Јане Сандански„ Пехчево за 2023 год;
7. Одлука за усвојување на Програма за работа на ОУ ДК „Јане Сандански„ Пехчево за 2024 година;
8. Јавен повик за пријавување на лица за членови на надзорен одбор во ЈКП „Комуналец„ - Пехчево;
9. Одлука за усвојување на програмата за работа и развој на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево, за 2024 година;
10. Одлука за усвојување на Финансиски план на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2024 година;
11. Одлука за усвојување на годишниот план за јавни набавки на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2024 година;

12. Одлука за давање согласност на Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за утврдување вредност на бод за пресметување на плата на административните службеници, давателите на јавни услуги и помошно техничките лица;
13. Одлука за усвојување на правилник за плати и други надоместоци на плата на вработените во ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево;
14. Програма за еднакви можности меѓу жените и мажите на општина Пехчево и работа на КЕМ за 2024 година;
15. Програма за здравствена и социјална заштита на општина Пехчево за 2024 година;
16. Одлука за усвојување на годишна програма за финансирање на проекти од областа на културата и спортот на општина Пехчево за 2024 година;
17. Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Пехчево за 2024 година;
18. Одлука за усвојување на Програма за работа на одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР, при општина Пехчево за 2024 год;
19. Одлука за усвојување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на РСМ на подрачјето на општина Пехчево за 2024 година;
20. Одлука за проширување на средствата на Буџетот на општина Пехчево за 2024 година;

Бр. 09-158/1
25.01.2024 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за работа на советот на општина Пехчево за 2024 година**

СЕ ОБЈАВУВА Програма за работа на советот на општина Пехчево за 2024 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 24-та седница одржана на ден 25.01.2024 година.

Бр. 09-158/2
25.01.2024 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на Р.Македонија бр 5/2002), член 30 став 1 точка 3 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 03/2021) и член 130 од Деловникот за работа на советот на општина Пехчево, Советот на општина Пехчево на седницата, одржана на 25.01.2024 година, донесе:

## ПРОГРАМА
## за работа на Советот на општина Пехчево за 2024 година

I. ОПШТ ДЕЛ

Според надлежностите што се определени со Уставот на РСМ, Законот за локалната самоуправа, Стаутот и Деловникот за работа на Советот на општина Пехчево, Советот донесува Програма за работа за 2024 година.

Во Програмата се обележани основните рамки и насоки за работа на Советот во календарската 2024 година согласно со надлежностите кои се во ингеренции на Советот. Програмата овозможува транспарентност во работата на општината и е отворена за постојано проширување и дополнување согласно со укажувања на заинтересирани субјекти и поединци од општината.

II. ПОСЕБЕН ДЕЛ

| Прво тримесечие - период ЈАНУАРИ - МАРТ 2024 година |
| --- |
| |

**1.Извештај за реализација на Програмата за работа на Советот на Општина Пехчево за 2023 година**
Предлагач: Претседател на Советот на Општина Пехчево
Изготвувач: Сектор за поддршка на Градоначалникот и Советот на Општината, информирање и односи со јавноста и информатичка технологија

**2.Програма за работа на Советот на Општина Пехчево за 2024 година**
Предлагач: Комисија за изготвување на Предлог – Програма за работа на Совет на Општина Пехчево
Изготвувач: Комисија за изготвување на Предлог – Програма за работа на Советот на Општина Пехчево

**3.Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Пехчево за IV квартал од 2023 година**
Предлагач: Градоначалник на Општина Пехчево
Изготвувач: Одделение за финансиски прашања

**4.Информација за остварување на приходите по основ на даноци и такси за 2023 година**
Предлагач: Градоначалник на Општина Пехчево
Изготвувач: Одделение за урбанизам

**5. Завршна сметка на општина Пехчево за 2023 година**
Изготвува: Одделение за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансирање и буџет
Донесува: Совет на општина Пехчево

**6. Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во општина Пехчево за 2024 година**
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животна средина и ЛЕР
Разгледува: Комисија за урбанизам и комунални дејности.
Усвојува: Совет на општина Пехчево
Реализира: Општина Пехчево

**7. Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во 2024 година**
Изработува: Одделение за инспекциски работи - Инспекторат
Донесува: Совет на општина Пехчево
Реализира: општина Пехчево

**8. Завршна сметка на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2023 година**
Изготвува: ЈКП Комуналец - Пехчево
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**9. Извештај за работењето на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2023 година**
Изготвува: ЈКП Комуналец - Пехчево
Разгледува: Комисија за урбанизам комунални дејности и животна средина
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**10. Финансиски план за работа на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2024 година**
Изготвува: ЈКП Комуналец - Пехчево
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево
Реализира ЈКП Комуналец - Пехчево

**11. Годишен план за јавни набавки за 2024 година на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево**
Изготвува: ЈКП Комуналец - Пехчево
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево
Реализира ЈКП Комуналец - Пехчево

**12. Завршна сметка на ЈПУД „Равен„ - Пехчево за 2023 година**
Изготвува: ЈПУД Равен - Пехчево
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**13. Извештај за работењето на ЈПУД „Равен„ - Пехчево за 2023 година**
Изготвува: ЈПУД Равен - Пехчево
Разгледува: Комисија за урбанизам комунални дејности и животна средина
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**14. Финансиски план за работа на ЈПУД „Равен„ - Пехчево за 2024 година**
Изготвува: ЈПУД Равен - Пехчево
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува; Совет на општина Пехчево
Реализира ЈПУД Равен - Пехчево

**15. Усвојување на програма за одржување на јавно зеленило во општина Пехчево за 2024 година**
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални дејности заштита на животна средина и ЛЕР
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности и животна средина
Усвојува: Совет на општина Пехчево
Реализира: Совет на општина Пехчево

**16. Усвојување на програма за изработка на Урбанистички планови во општина Пехчево за 2024 година**
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животна средина и ЛЕР
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности и животна средина
Усвојува: Совет на општина Пехчево
Реализира: Совет на општина Пехчево

**17. Програма за работа на одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животна средина и ЛЕР за 2024 година**
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности и животна средина
Усвојува: Совет на општина Пехчево
Реализира: Совет на општина Пехчево

**18. Усвојување на завршна сметка на матична библиотека ,,Кочо Рацин„ - Пехчево за 2023 година**
Изготвува: Стручна служба при матична библиотека ,,Кочо Рацин„ - Пехчево
Разгледува Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**19. Усвојување на завршна сметка на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево за 2023 година**
Изработува: Стручна служба при ОЈУДГ ,,7 Септември,, - Пехчево
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**20. Усвојување на завршна сметка на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2023 година**
Изготвува: Стручна служба при Дом на културата Јане Сандански Пехчево
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува:Совет на општина Пехчево

**21. Усвојување на завршна сметка на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за 2023 година**
Изготвува: Стручна служба при ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево
Разгледува Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**22. Усвојување на полугодишниот извештај за работа на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2023/2024 година**
Изготвува: Стручна служба при ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево
Разгледува Совет на општина Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**23. Програма за одбележување на значајни празници и настани за 2024 година**
Изготвува: Комисија за одбележување на значајни празници и настани.
Усвојува: Совет на општина Пехчево
Реализира: општина Пехчево

**24.Извештај за работа на Полициска канцеларија-Пехчево**
Изготвува: Одделение за внатрешни работи -Берово, Полициска канцеларија- Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево
Реализира: Одделение за внатрешни работи -Берово, Полициска канцеларија- Пехчево

**24. Советнички прашања**

**Квартал Април - Јуни 2024 година**

**1. Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Пехчево за период Јануари - Март 2024 година**
Изготвува: Одделение за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**2. Измена и дополнување на Буџетот на општина Пехчево (Ребаланс на Буџет) за 2024 година**
Изготвува: Одделение за финансиски прашања
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**3. Извештај за зимското одржување на улиците во општина Пехчево за 2023-2024 година**
Изготвува: ЈКП Комуналец - Пехчево

Разгледува:  Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина
Реализира: ЈКП Комуналец - Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**4. Информација за здравствената исправност на водата за пиење во општинскиот водовод - Пехчево и чешмите во излетничките места во општина Пехчево за 2024 година**
Изготвува: ЈКП „Комуналец„ - Пехчево во соработка со ЈЗО - ЗЗЗ Кочани
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**5. Извештај за работењето на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за периодот 2023 – 2024 година**
Изготвува:  ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**6. Извештај за работењето на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево за периодот 2023 - 2024 година**
Изготвува: ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево
Усвојува:  Совет на општина Пехчево

**7. Информација за состојбата со градските гробишта во општина Пехчево за 2024 година**
Изготвува: ЈКП „Комуналец„ - Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**8. Информација за состојбата со спортската сала Јане Сандански, спортки терени и објекти во општина Пехчево, за 2024 година**
Изготвува:  ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**9. Донесување, изменување и дополнување на урбанистичките планови во општина Пехчево во текот на 2024 год. Реализацијата ќе биде во текот на целата година согласно постапките за нивно донесување;**
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални рабти и животна средина и ЛЕР
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**Квартал Јули - Септември 2024 година**

**1. Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Пехчево за период Април - Јуни 2024 година;**
Изготвува: Одделение за финансиски прашања
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**2. Годишна програма за работа на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2024/2025 год**
Изготвува: ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**3. Годишна програма за работа на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево за 2024/2025 година**
Изготвува: ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**4. Давање на согласности на Предлог-Годишните планови за вработување за 2025 год на општинските основни училишта и јавни установи**
Предлагач : Директори на општинските основни училишта и јавни установи
Изготвувач: Општински основни училишта и јавни установи
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**5.Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со под 20 ученици и комбинирани паралелки во општинските основни училишта во учебната 2024/2025 година**
Предлагач : Директори на општинските основни училишта и јавни установи
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**6. Извештај за реализација на средствата приберени по основ на комунална такса за јавно осветлување на општина Пехчево за периодот Јануари - Јуни 2024 година**
Изготвува: Одделение за финансиски прашања
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**7. Годишен извештај за Јавната безбеденост на подрачјето на општина Пехчево за 2024 година**
Изготвува: ПС - Берово, Полициско одделение Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**8. Информација за наплата на комуналните такси во 2024 год.**
Изготвува: ЈКП Комуналец - Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**9. Информација за состојбата со депонијата на територијата на општина Пехчево и предлог мерки за заштита**
Изготвува: Инспектор за комунални работи и заштита на животна средина во соработка со ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**10. Програма за одбележување на „7-ми Септември„ ден на ослободување на Пехчево за 2024 година**
Изготвува: Комисија за одбележување на значајни настани
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**11.** Советнички прашања

**Квартал Октомври - Декември 2024 година**

**1. Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Пехчево за периодот Јули - Септември 2024 година**
Изготвува: Одделение за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**2. Ребаланс на Буџетот на општина Пехчево за 2024 година**
Изготвува: Одделение финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансии и буџет

Усвојува: Совет на општина Пехчево

**3. Предлог - Буџет на општина Пехчево за 2025 година**
Изготвува : Одделение за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**4. Програма за одржување на улиците во зимски услови во општина Пехчево за 2024/2025 година**
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**5 Давање на согласности на Предлог-Годишните планови за вработување за 2025 година на општинските јавни претпријатија**
Предлагач : Директори на општинските јавни претпријатија
Изготвувач: Општински јавни претпријатија
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**6.Програма за активностите на Општина Пехчево во областа на меѓународна соработка за 2025 година**
Предлагач: Градоначалник на Општина Пехчево
Изготвувач: Сектор за меѓународна соработка, стратешко планирање, креирање политики, следење и ЛЕР
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**7. Програма на активности од областа на заштита на животната средина и природата на Општина Пехчево за 2025 година**
Изготвува:Комунален инспектор
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**8.Програма за уредување и одржување на градско зеленило во Пехчево за 2025 година**
Изготвува:Комунален инспектор
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**9. Измена и дополнување на Буџетот на Општина Пехчево за 2024 година**
Изготвува: Одделение за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансирање и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**10.Буџет на Општина Пехчево за 2025 година**
Изготвува: Одделение за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансирање и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**11.Одлука за извршување на Буџетот на Општина Пехчево за 2025 година**
**Изготвува:** Одделение за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансирање и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**12.Одлука за утврдување на вредноста на бод за плата на државни службеници за 2025 година**
**Изготвува:** Одделение за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансирање и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**13.Одлука за утврдување на висината на благајнички максимум за готовинско плаќање од Буџетот на Општина Пехчево во за 2025 година**
**Изготвува:** Одделение за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансирање и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**14.Советнички прашања**

III. НОРМАТИВЕН ДЕЛ

Со овој дел од Програмата за работа на Советот на општина Пехчево се обработува нормативната дејност на Советот што треба да се извршува во текот на 2024 година. Советот ќе донесува нормативни акти за усогласување на постојните прописи во изминатиот период, како и нормативни акти што треба да се донесат од страна на Советот врз основа на прописите, што ќе бидат донесени во текот на 2024 година.

IV. ЗАВРШЕН ДЕЛ

За извршување на Програмата за работа на Советот на општина Пехчево се задолжуваат предлагачите и изготвувачите да се придржуваат на роковите утврдени со програмата. Во текот на 2024 година Советот на општината ќе ги разгледа и сите тековни прашања што спаѓаат во негова надлежност согласно член 36 од Законот за Локална самоуправа. Извршувањето на Програмата на Советот на општина Пехчево ќе зависи од законските и пред се од финансиските предуслови на општината и на другите субјекти со кои се поврзани зацртаните активности од истата.

Бр.08-137/1
25.01.2024 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за утврдување на цените на услугите што ги дава ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево и износот на надоместокот на трошоците за престој, што паѓа на товар на родителите**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за утврдување на цените на услугите што ги дава ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево и износот на надоместокот на трошоците за престој, што паѓа на товар на родителите, што советот на општина Пехчево ја донесе на 24-та седница одржана на ден 25.01.2024 година.

Бр. 09-158/3
25.01.2024 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 191 став 2 од Законот за заштита на децата (Сл.Весник на РМ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и Сл.Весник на РСМ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/02) и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр.03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 25.01.2024 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за утврдување на цените на услугите што ги дава ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево и износот на надоместокот на трошоците за престој, што паѓа на товар на родителите**

Член 1

Советот на општина Пехчево дава согласност на Одлуката од УО на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево бр. 03-477/7 од 30.11.2023 година.

Член 2

Целодневен престој на деца од предучилишна возраст (од 0-6 години) е институционална организирана форма на престој на деца во траење од 9 до 11 часа дневно. На децата се нуди згрижување, исхрана (појадок, ручек и две ужини), дневен одмор и организирани воспитно-образовни активности.

Цената за целодневен престој изнесува 1.900 (илјада и деветстотини) денари.

Член 3

Полудневен престој претставува вид на услуга која ја нуди градинката во траење на временски период од 4 до 6 часа дневно - до 12:00 часот во тек на денот. Установата на детето му обезбедува три оброка (појадок, ужина и ручек) и воспитно-образовни активности.

Цената за полудневен престој изнесува 1.000 (илјада) денари.

Член 4

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-138/1
25.01.2024 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучок за верификација на мандати на членови на Локален младински совет на општина Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Заклучок за верификација на мандати на членови на Локален младински совет на општина Пехчево, што советот на општина Пехчево го донесе на 24-та седница одржана на ден 25.01.2024 година.

Бр. 09-158/4
25.01.2024 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/2002), член 18 став 5 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ„ бр.10/2020), член 12-б од статутот на општина Пехчево („Службен гласник„ бр.03/2021), Советот на општина Пехчево на 24-та седница одржана на ден 25.01.2024 година, го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**
**за верификација на мандати на членови на Локален младински совет на Општина Пехчево**

**Член 1**

Точката ќе се разгледува на седница на совет, кога ќе се испочитуваат сите законски правила и прописи.

**Член 2**

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-139/1
25.01.2024 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за усвојување на Годишен извештај за Програмата за еднакви можности помеѓу мажите и жените на општина Пехчево за 2023 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на Годишен извештај за Програмата за еднакви можности помеѓу мажите и жените на општина Пехчево за 2023 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 24-та седница одржана на ден 25.01.2024 година.

Бр. 09-158/5
25.01.2024 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/2002) и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 25.01.2024 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишен извештај за Програмата за еднакви можности помеѓу мажите и жените на општина Пехчево за 2023 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука советот на општина Пехчево го усвојува Годишниот извештај за Програмата за еднакви можности помеѓу мажите и жените на општина Пехчево за 2023 година.

**Член 2**

Годишниот извештај за Програмата за еднакви можности помеѓу мажите и жените на општина Пехчево за 2023 година, е составен дел од оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-140/1
25.01.2024 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОГРАМАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ МЕЃУ МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО ЗА 2023 ГОДИНА**



**ЈАНУАРИ, 2023 ГОДИНА**

## ВОВЕД

Општина Пехчево со донесување на Програмата за еднакви можности помеѓу мажите и жените и реализирањето на дел од активностите кои се предвидени во истата ја исполнува својата законска обврска согласно член 14 од Законот за еднакви можности на жените и мажите.

Во овој извештај се вклучени реализираните активности на општината од Програмата за еднакви можности помеѓу мажите и жените на Општина Пехчево за 2023 година.

Со реализирање на проекти и активности од областа на еднакви можности помеѓу мажите и жените, локалната власт, односно ние како општина можеме преку своите надлежности и преку кординација со многубројни локални фактори, да превземеме конкретни акции во корист на родовата еднаквост, намалување на нееднаквоста и промовирање и градење на реални локални заедници и општество во кои еднаквоста ќе биде пракса.

## РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ:

1. ***Прибирање на родово – разделени податоци***

- **Реализатор на активноста:** Општина Пехчево ( Координатор и Заменик координатор за еднакви можности помеѓу мажите и жените);
- **Период на одржување на активноста:** Месец септември 2023 година;
- **Целни групи на активноста:** Вработените во Општина Пехчево, вработените во Јавното комунално претпријатие „Комуналец – Пехчево“, вработените во ОЈУДГ „7 Септември“ – Пехчево и ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево, вработените во ОУМБ „Кочо Рацин“ – Пехчево и ОУДК „Јане Сандански“ – Пехчево;
- **Резултати:** Општината има собрано родово разделени податоци за вработените и нивните работни места за горенаведените институции за 2023 година;
- **Реализиран буџет:** 0 денари

2. ***Поддршка на КЕМ за изработка на нацрт деловник и правилнник за работа***

- **Реализатор на активноста:** Општина Пехчево ( Координатор и Заменик координатор за еднакви можности помеѓу мажите и жените);
- **Период на одржување на активноста:** Месец април 2023 година;
- **Целни групи на активноста:** Членовите на Комисијата за еднакви можности помеѓу мажите и жените;
- **Резултати:** Изработен Деловник за работа на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, наш архивски број 08 – 538/1 од 19.04.2023 година;
- **Реализиран буџет:** 0 денари

3. ***Чистење и уредување на улица „Даме Груев“ , косење на тротоарите по кои се движат најчесто децата и родителите до ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево, ОЈУДГ „7 Септември“ – Пехчево и ОСУ „Ацо Русковски“ – Берово – дисперзирани паралелки Пехчево***

- **Реализатор на активноста:** Општина Пехчево и ЈКП „Комуналец“ – Пехчево
- **Период на одржување на активноста:** Во текот на целата година
- **Целни групи на активноста:** Децата и родителите кои се движат до ООУ „Ванчо Китанов“- Пехчево, ОЈУДГ „7 Септември“ – Пехчево и ОСУ „Ацо Русковски“ – Берово, дисперзирни паралелки Пехчево.
- **Реализиран буџет:** 0 денари

4. ***Презентирани актуелните мерки за вработување и самовработување и актуелни мерки кои се однесуваат на руралните жени од Програмата за рурален развој***
   - **Реализатор на активноста:** Вработени од Агенција за вработување од Пехчево и Берово, Претставници од подрачното одделение на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, поточно од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој
   - **Период на одржување на активноста:** Месец септември 2023 година
   - **Целни групи на активноста:** Жените од село Црник на кои им беа презентирани актуелните мерки кои се однесуваат на руралните жени од Програмата за рурален развој, прзентирање на бенифитите кои ги имале жените кои ги користеле мерките, се со цел да се поттикнат и мотивираатжените да размислуваат за лично економскоосамостојување
   - **Реализиран буџет:** 0 денари

5. ***Обука за интеграција на родови перспективи за квалитетни родови политики , родови индикатори, родово одговорно буџетирање и креирање на јавни политики***

   - **Реализатор на активноста:** НВО КХАМ – Делчево, презентер Д-р Весна Попоска, декан на Правен факултет при Меѓународен универзитет „Визон“ – Гостивар.
   - **Период на одржување на активноста:** Месец октомври 2023 година
   - **Целни групи на активноста:** Координаторите и заменик координаторите за еднакви можности од општините Берово, Пехчево и Делчево, како и членовите на Комисијата за еднакви можности од Советите на општините Берово, Пехчево и Делчево.
   - **Реализиран буџет:** 0 денари

6. ***Работилница за булинг***
- **Реализатор на активноста:** Општина Пехчево;
- **Партнери во активноста:** ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево **Период на одржување на активности:** 14.12.2023 година
- **Целни групи на активноста:** Учениците од 7 – 9 одделение од ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево

- **Реализиран буџет:**

  **2.360,00 денари**, Печатење на брошури – Ин дизајн студио, Скопје – Фактура број 1449/23;

  **6000,00 денари,** Договор за ангажирање на стручно лице – социолог, Весна Димитровска, архивски број 03-1458/1 од 13.12.2023 година за одржување на работилницата;

***7.Обука „Соработка и координација на интерсекторското тело против семејно насилство“***

- **Реализатор на активноста:** Организација на ЖЕНА, Делчево
- **Период на одржување на активноста:** 14 – 15.12 2023 год.
- **Целни групи на активноста:** Претставници од Општина Пехчево, ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево, Општина Берово, ЈУ МЦСР Берово, ОВР Берово, АВРСМ, ОСУ „Ацо Русковски“ – Берово, ОУ „Н.П. Русински“ – село Русиново и ОУ „Дедо Иљо Малешевски“ – Берово
- **Реализиран буџет:** 0 денари

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Градоначалникот на Општина Пехчево водејќи се од Програмата за еднакви можности помеѓу мажите и жените ги реализираше поголем дел од активностите предвидени во неа.

Општина Пехчево, преку вработените службеници во Одделението за локален економски развој, заедно со Координаторот и Заменик координаторот за еднакви можности ја спроведе и го следеше спроведувањето на оваа програма, и покренуваше иницјативи, даваше мислења и предлози во врска со остварувањето на предвидените активности и зацртаните цели како и во унапредување на еднаквите можности во Општина Пехчево.

Од вкупно предвидени 20.000,00 денари во Буџетот на Општина Пехчево за еднакви можности, а со ребалансот 10.000,00 денари, потрошени се вкупно 8.360,00 денари.

Овој извештај влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Пехчево“.

Бр.01-140/2
25.01.2024 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за разрешување и именување на членови на општински совет за превенција на детско престапништво во општина Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за разрешување и именување на членови на општински совет за превенција на детско престапништво во општина Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на 24-та седница одржана на ден 25.01.2024 година.

Бр. 09-158/6 — Градоначалник на
25.01.2024 год. — Општина Пехчево
Пехчево — Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (Сл весник на РМ бр. 05/2002), член 158 од Законот за правда на децата (Сл весник на РМ бр. 148/2013), и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 25.01.2024 година донесе:

**О Д Л У К А**
**За разрешување и именување на членови на општински совет за превенција на детско престапништво во општина Пехчево**

**Член 1**

Соња Секуловска – член од совет на родители од ОСУ „Ацо Русковски„ - Берово, се разрешува од функцијата член на општински совет за превенција на детско престапништво.

За нов член од совет на родители од ОСУ „Ацо Русковски„ - Берово се именува Јасминка Пашалиска Андоновска - член на општински совет за превенција на детско престапништво.

**Член 2**

За нов член на општински совет за превенција на детско престапништво на општина Пехчево се именува претставник од општина Пехчево – Елица Јовевска;

**Член 3**

За нови членови на општински совет за превенција на детско престапништво на општина Пехчево се именуваат претставници од ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево – Ивана Крчева и Андријана Мачевска;

**Член 4**

За нов член на општински совет за превенција на детско престапништво на општина Пехчево се именува претставник од ОСУ „Ацо Русковски„ - Берово – Елена Стамболиска;

**Член 5**

Членовите на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на општина Пехчево, од своите редови избираат претседател на Општинскиот совет со мандат од две години, со право на повторен избор.

**Член 6**

Согласно член 158 став 5 од Законот за правда на децата, членовите се именуваат за време од пет години, со право на повторен избор.

**Член 7**

Општинскиот совет за превенција на детско престапништво во општина Пехчево донесува:

- годишна програма за својата работа, што ја усвојува Советот на општината;
- деловник за својата работа,
- на подрачјето на општината врши работи за следење на состојбите со детското престапништво,
- покренува иницијативи за нивно подобрување и
- развива програми за вклучување на локалната заедница во превенција на детско престапништво и третманот на малолетните сторители на кривични дела и прекршоци.

**Член 8**

За својата работа Општинскиот совет најмалку еднаш годишно го известува Советот на општината и Државниот совет за превенција на детско престапништво.

**Член 9**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-141/1<br>
25.01.2024 година<br>
Пехчево

Совет на општина Пехчево<br>
Претседател<br>
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за усвојување на годишен извештај за работа на ОУ ДК „Јане Сандански„ Пехчево за 2023 год**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на годишен извештај за работа на ОУ ДК „Јане Сандански„ Пехчево за 2023 год, што советот на општина Пехчево ја донесе на 24-та седница одржана на ден 25.01.2024 година.

Бр. 09-158/7 — Градоначалник на
25.01.2024 год. — Општина Пехчево
Пехчево — Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 точка 29 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 25.01.2024 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на годишен извештај за работа на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2023 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува годишниот извештај за работа на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2023 година.

**Член 2**

Годишниот извештај за работа на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2023 година бр. 03-80/1 од 19.12.2023, е составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-142/1 — Совет на општина Пехчево
25.01.2024 година — Претседател
Пехчево — Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

**ОПШТИНСКА УСТАНОВА ДОМ НА КУЛТУРА„ЈАНЕ САНДАНСКИ’’**
**ПЕХЧЕВО**

ул. Маршал Тито бб 2326 Пехчево Република Македонија
Tel/fex ++ 389 033 441 128  e-mail: dksandanski@yahoo.com

Извештај за 2023 год

Во месец јануари нашата пензионерска група Малешевска китка учествуваше во Берово на 8.01.2023 год на традиционални пензионерски средби Малешево пее со срце ,во кој учествуваа и Берово и Виница.

Музичката точка беше пропратена и со изложба на Драган Кузмановски од Скопје.
Почнавме со раздужување и попис на носиите од страна на нашата играорна група КУД,,Јане Сандански’’Пехчево.Формирање на групи ,одржување на фолклорен час од страна на кореограф.
Шиење на нови 10 источни машки носии кои ке дадат обележје на нашиот источен крај,Малешевски носии.Облекување на играорците во машки носии.

Запишување на членови во КУД,поделување на групи,запишување на нови членови .Кореограф Никола Каракашов.

По втор пат во нашиот град во организација на Домот на културата беше организиран саем на книги.На 23 .01.2023 год беше отварање на саем на книги од ТОПЕР .кој траеше 2 дена.Многу сликовници ,енциклопедии,боенки,книги за возрасни.Најмногубројна беше публиката од најмала возраст ,кој беа воодушевени од настанот и си купија по неколку сликовници,книги за нивна возраст.
Имавме посета и на ученици со наставничката Елизабета Таковска која на нејзините ученици им одржа едукативен ча во врска со саемот на книги.

После снабдувањето на 10 машки Малешевски носии КУИД,,Јане Сандански’’Пехчево почна со собирање на фути кои ке ни требаат за комплетирање на женски носии.

Работна посета на Виница ,соработка ,разговор за изложби,музички тички и други активности што се предвидени со програмата на домот на културата за 2023 год.
Посета на ликовна колонија КАРПИНО од Куманово и преговарање за истата за презимање во нашиот град.

Куд,,Јане Сандански’’Ги кани оние кои ја сакаат музиката,танцот,фолклорот уклучување и формирање на група со стари членови на КУД.
Четврток 09.02.2023 год упис на стари членови ,поранешни играорци,формирање на група.

На 11.02.2023 год нашата пензионерска група Малешевска Китка ке учествува на Хуманитарен концерт во Скопје.Поканети се од Вања Лазарова Хуманитарно друштво и за прв пат ке учествуваат .Од страна на домот на културата им е дадена целосна подршка со сите нивни активности ,вклучување во нашата програма .Им

дадовме поздрав од Општина Пехчево и Домот на културата шише за вино со наше лого,да се претставаат како што треба.претставници од Општина Пехчево.

Од страна на домот на културата беа доставени 2 проекти .Работа со КУД,,Јане Сандански''Пехчево и Работа со пензионерски хор Малешевска китка.
Од објавените резултати можевме да видеме дека е избран само 1 проект Работа со КУД,,Јане Сандански"Пехчево.Од страна на директорот се известени хорот Малешевска китка дека иако проектот не е одобрен од страна на министерството за култура ние ке продолжиме да ги вклучуваме со нашите активности,ке им помагаме со се што можеме бидејки тие ја претставуваат нашата Општина и истите секаде ке бидат објавувани од страна на Домот на културата ,,Јане Сандански''Пехчево.
На 2.02 2023 год. по повод празникот Св.Валентин ден на вљубените и Св.Трифун ден на лозарите ,овоштарите распишавме конкурс за напишана песна,поезија,проза.Творбите треба да се доставаат до домот на културата кај одговорното лице Валентина Веселинска

Конкурсот е распишан до 13.02.2023 год .Учествуваа ученици од ООУ,,Ванчо Китанов Пехчево средното училиште Ацо Русковски, медицински лица ,жени кои го сакаат и негуваат убавиот збор.Во чест на загинатите и повредените во Турција и Сирија им посакавме побргу озравување на повредените Беа доставени творби и од Кратово,Кавадарци и Скопје.Прекрасна песна од Елена Николова која беше прочитана од наши ученици. Марта Димитров која има напишано неколку книги и ке ја покaниме на промоција во нашиот град.На сите учесници им беа доделени благодарници за учество ,и истите беа прочитани од страна на учесниците.

На 24.02.2023 година бевме канети на 20 мегународна изложба КАРПИНО во Македонска Каменица ,на која присуствувавме и имавме работен состанок со директорот на КИЦ,,Резба'' од Македонск Камненица ,во кој состанок ги разменивме идеите за соработка,за напредок во источниот дел ,за развивање на културата со разни активности кои се дел од програмските активности во домот.

На 1.03.2023 год распишавме објава за Креативна работилница по повод 8 март.
Учество на разни групи со цртање на штафелаи,читање и рецитирање на творби по повод 8 март, играње на оро КУД,,Јане Сандански""Свекрвино оро,изработка на декорации од овошје и зеленчук –цвеке,саем на носии,и друго.
Настанот се изведе на 06.03.2023 год во просториите на домот на културата.

На 13.03.2023 год имавме изложба ликовна колонија КАРПИНО .куманово
Беа присутни претставници ,председател на мултимедијалемн центар Крпино,уметнички директор Дејвид Стоилковски и ликовен уметник Дарко Трајковски.На сите им беа доделени благодарници за учетво во нашиот град, и скромен поклон .Излжбата ја посетија повеке грагани од Пехчево,ученици од основното и средното училиште со своите ментори.
Бевме канети на зелникот на баба во Пробиштип ,и огранизиравме да присуствуваме , но откажавме поради отсуство на членови ракотворки.

На 20.03.2023 год организиравме детска театарска претстава за учениците и децата од градинката со Театар Колозов од 14.час.

Прекрасна детска претстава ,смеа,радост ,интерактивна претстава во која беа уклучени и глумците и децата.

Разговор со директорката од Демир Капија за концерт со КУД ,,Мирка Гинова ''
Одобрен од министерство за култура во нашиот град.
Договоривме истите како учесници при културно то друштво да учествуваат во нашиот град на 13.07.2023 год на Павловден .
На 25.03.2023 год децата од КУД,,Јане Сандански''Пехчево во соработка со Општина Пехчево Организиравме посета на Музеј на Макредонија во Скопје,
Посета на етнолошка поставка во музејот.Посетата има за цел едукација на децата преку едукативна работилница во делот на Етнолошката поставка во музејот.

На 14.04 2023 год Голем Велигденски Stand Up со Бојан Велевски и Баркли

Учество во ЗРА Пијанечки клас Делчево со возрасни автори по повод 1 април ден на шегата.Учесник Антица Јовевска .

Велигденски концерт 18.04.2023 год Изложба на Велигденско јајце.
Куд ,,Јане Сандански'%Пехчево обечежува 75 год постоење.Играа над 100 члена.

На 12 .05 .бевме КУД,,Јане Сандански"Пехчево учествуваше во Делчево на Свечен концерт во чест на 120 год од смрта на Великанот Гоце Делчев.
Благодариме за соработката со Куд Гоце Делчев и од општина Делчево добивме благодарница за учество

Фолконика во Пехчево на 12.05. 2023 год.Детска патувачка фолк библкиотека .
Учествуваа деца ученици од градинката ,основното училиште и гимназијата.
Пеење Македонски народни песни,развивање на фолклорот ,традицијата.
Душко Горгиевски познат музичар ,Александар Парасков музички соработник.

Среда 17.05.2023 год. 1 Самостојна изложба на Фимка Капушевска од Пехчево

Изложбата траеше 10 дена и беше посетена од ученици од основното училиште Ванчо Китанов ,средношколци и грагани на Пехчево.
Велат талентот и дарбата се само 2% другото е работа,труд,љубов кон она што го правиш.Фимка во своите пензионерски денови покажа како се негува љубовта кон природата,цвекето ,уметноста.

На 31 .05.2023 год учествувавме по втор пат на Републички детски средби Цвеке во Струмица со ученици од ООУ,,Ванчо Китанов 'Пехчево.Имаше учесници од 23 општини од републиката се црташе во паркот на хамер со техника сув пастел.

Предавање во домот на културата од страна на проф.Драган Колевски,композитори музички педагог.01.06.2023 год во 14.30 час.
Предавањето е наменнето за ученици ,средношколци,и возрасни кои со интерактивна настава моќат да поставуваат и прашања.

Трујчиндневни Русински средби 2023 год.Учество на голема и рекреативна група Куд,,Јане Сандански''Пехчево.

На 07.06.2023 год.од 18.30 концерт на филип Шурбевски Македонска чалгија.Прекрасен концерт на староградски песни ,финансиски подржан од министерство за култура.

Реновирање на тераса,лепење со плочки на тераса на канцеларија,поради пропуштање од вода .

Менење на лед неонки на бината со скеле .Штедење и подобра енергетска ефикасност,светлост за непречено одвивање на активностите во домот на културата.

Припрема на играорна за фестивал на градот.

Завршна манифестација на петооделенци и полуматуранти ,една недела проба во салата .

Фестивал на градот 10-13 јули .Учество на Куд ,,Јане Сандански''Пехчево со мала голема и рекреативна група.Добивање на благодарница од страна на Општина Пехчево.

Турнеа на КУД,,Јане Сандански''Пехчево во Бургас .Одлично претставување од страна на нашите играорци во Р.Бугарија .

7 Септември Ослободување на градот Пехчево .Пригодна програма во домот на културата,,Јане Сандански''Пехчево по повод празникот и свечен вечерен концерт по повод празник на градот и 75 год.јубилеј на КУД,,Јане Сандански""Пехчево.Доделување од страна на градоначалникот и совет на Општина Пехчево пофалница за презентирање на Општина Пехчево.

8 септември Учество на КУД,,Јане Сандански''На ПИјанечко Малешевска свадба во Делчево
Доделување на диплома за освоено 3 место од публика .

Изложба на карикатури на 18.09.2023 год од Ане Василевски долгогодишен директор на македонската галелија за карикатури во Скопје.
Гости Миле Горгијоски сатиричар и Методи Толевски програмски директор од Делчево.
Присуствуваа повеке посетители од сите инстутуции во градот.

Во соработка со наставниците и учениците од ООУ,,Ванчо Китанов Пехчево изложбата беше посетена од страна на учениците и наставниците и беа прочитани неколку афоризми кои се поврзани со изложбата карикатури.
На 4.10.2023 год.од страна на министерствотоза култура беше распишан конкурс за учество на национални проекти финансирани од страна на министерство за култура ,и ние аплициравме за проект Работа со КУД,,Јане Сандански''Пехчево.

Урнебесна комедија ЈЗУ ЕВРОПА театар Штип.Полна сала ,смеа против депресија и нервоза.

Есенски ликовен хепенинг организиран од страна на домот на културата.Го искористивме сонцевото топло време и децата од ООУ,,Ванчо Китанов ''цртаа на терасата ,есенски пејсаж.Неколку ученици правеа колаж од есенски листови шарени во секаква боја.
Вториот ден бевме посетени со ученици од целодневен престој со ментор Трајанка Бркарска со ученици од ООУ,,Ванчо Китанов''
Децата цртаа на штафелај,едни правеа колаж техника,други боеја .Пресрекни детски лица,задоволни ни ветија пофторно дека ке дојдат и сакаат да учествsваат во друга активност која е организирана од наша страна.

Музички караван од Делчево.Учествуваат деца од 4 до 19 год.кои свират на инструменти,играт и пеат .Музиката има огромно влијание врз развојот на децата,ја подобрува работата на мозокот,ги стимулита позитивните емоции,ја развива креативноста,самостојната тимската работа ,одговорноста ,влијае врз развојот на интелектот,киреативноста ,социјалните вештини и многу други суштински аспекти на постоењето.

На 20.11 2023 год имавме посета на лица со посебни потреби од Дневен центар Виница.Заедно во соработка со Дом на култура ,,Тошо Арсов '' од Виница ја реализиравме работилницата ,на кој лицата со посебни потреви од дневниот центар Виница плетеа ,изработуваа некои цртежи,и пееја песни.Проект финансиски подржан од Министерството за култура на Р.С.Македонија.Воедно им беа покажани нашите фути,носии,бардачиња од нашиот крај.
За учеството кај нас добија благодарница ,лицата пакетчиња од страна на директорката на домот ,и потоа ги прошетавме до црквата Св.Петар и Павле,да запалат свеки за здравје на сите по повод празникот Аргангел Михаил.

Тарасата на балконот поради гниење и распагање на дрвото ја отстранивме и истата ја заменивме со кована ограда,поради заштита од повреда и несакани случки на децата кои учествуваат на ликовен хепенинг на неа,и многу други активности,изведени во природа.

Традиционално секоја година организираме Новогодишен концерт на кој учество земаа нашите играорци при КУД,,Јане Сандански''од Пехчево.Наши гости беа и групата Малешевска Китка од Пехчево .

Играорците поделени во 3 групи,мали,големи членови и рекреативна група пееја народни песни,и играа нови кореографии.
Задоволни деца,задоволна публика,полна сала публика ,целта е постигната .
На крајот им организираме доделување на пакетчиња на најмалите учесници и коктел забава во домот на културата на сите играорци.

ОУДК ,,Јане Сандански''Пехчево
Директор
Валентина Веселинска с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за усвојување на Програма за работа на ОУ ДК „Јане Сандански„ Пехчево за 2024 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на Програма за работа на ОУ ДК „Јане Сандански„ Пехчево за 2024 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 24-та седница одржана на ден 25.01.2024 година.

Бр. 09-158/8 Градоначалник на
25.01.2024 год. Општина Пехчево
Пехчево Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 точка 27 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 25.01.2024 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Програма за работа на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2024 год.**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ја усвојува Програмата за работа на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2024 година.

**Член 2**

Програмата за работа на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2024 година бр. 03-80/2 од 19.12.2023, е составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево

Бр.08-143/1 Совет на општина Пехчево
25.01.2024 година Претседател
Пехчево Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

ОПШТИНСКА УСТАНОВА ДОМ НА КУЛТУРА ,,ЈАНЕ САНДАНСКИ''
ПЕХЧЕВО
ул. Маршал Тито бб 2326 Пехчево Република Северна Македонија
Tel/fex ++ 389 033 441 128 e-mail: dksandanski@yahoo.com

# Програма за работа на
# Општинска Установа Дом на култура „Јане Сандански„Пехчево

**-Вовед**

## Лична карта на домот

Градот Пехчево се наоѓа на источниот дел на Република Северна Македонија на надморска височина од над 1000 метри.

Домот на културата „Јане Сандански„ се наоѓа во центарот на градот.

Постои од 17.03.1975 год.и како центар на културата тука се случувале сите културни збиднувања од нашиот град.Нашиот град Пехчево секогаш имал богата културна традиција која до ден денес се негува и успешно реализира.

Домот на културата „Јане Сандански„Пехчево е единствена институција од областа на културата и главен двигател на сите случувања од областа на културано забавниот живот во Општина Пехчево.

Работата на Домот на културата се базира врз база на проекти и програми подржани од Министерството за култура,од активности реализирани од страна на Домот на културата ,од активности и соработка со Општината и другите институциии во градот,и пошироко.

Домот на културата „Јане Сандански„Пехчево од 1.07.2005 год.според законот за култура (службен весник на Р Северна Македонија има статус на локална установа.

Токму затоа сите активности кои се реализираат се во непосредна корелација со Општина Пехчево.Да се следат новите трендови на културата во модерниот свет, духот на новото време кои се реална потреба на населението,притоа да се опфтати зачувувањето на идентитетот на македонската култура и традиција претставува предизвик за секој културен работник.

Ова претставува потреба од менаџирање на веке постоечките материјални капацитети на Домот на културата со нивно целосно ставање во функција на културните потреби на локалното население.

Со голема флексибилност во искористување на овие капацитети може да се постигне многу на културен план ,и да се подигне нивото на културната свест кај народот.

Домот на културата е институција од отворен тип,отворена за соработка со сите институции од областа на културата ,образованието и науката,НВО секторот и сите оние кои се подготвени за соработка.

Во склоп на домот на културата постои културно уметничко друштво „Јане Сандански„Пехчево кое брои околу 50 члена.

Во текот на целата година ке имаме многу активности,манифестација по повод Верските празници,Божик,Велигден,Павлов ден,Нова Година ,покануваме повеке театарски претстави за деца и возрасни,изложби на ликовни дела, кино проекција на филм„Ослободување на градот ,Малешевско Пијанечка свадба и многу други активности кои ке бидат понудени на домот ке ги прифатиме и реализираме.

Се изведуваат театарски претстави од деца ученици од нашето основно училиште„Ванчо Китанов„ Пехчево,Претстави изведени од деца од градинката „Седми Септември,

Соработката со овие институции е взаемна бидејки тие ,и ние како дом на културата не можеме сами да функционираме ,туку со заедничка соработка и труд можеме да го оствариме се она што ни е замислено ,се со една цел подигнување на културното ниво, моралот кај нашите граѓани кои можат само да се гордеат со успесите кои ги оствaруваме секако во соработка со сите граѓани во нашиот град. Организираме изложби од реномирани ликовни уметници,организираме ликовен хепенинг во природа ,културен хепенинг во играње шах и табла,и ред други активности во зависност од финансиите и од желбата на учесниците .

Имаме соработка со други културни уметнички друштва од нашата земја ,па и од странство ,која покана ке ја искористиме во зависност од можноста на финансиските средства.

Во својата досегашна работа ,домот на културата има добиено многу награди,пофалници за учество на фестивали во нашата земја ,па и во странство.

**-Услови за работа материјално технички**

Домот на културата ,,Јане Сандански,,Пехчево е лоциран во центарот на градот Пехчево на ул.,,Маршал Тито бр.1.
Работата на домот на културата се одвива во еден објект,и тоа
а) зграда со вкупна површина од 540 м2 во која има канцеларија за директор со тараса ,помошна канцеларија ,зелена соба за преслекување на играорците ,гардероба,кои се наоѓаат на спратот горе.
Потоа има кино сала во која се одржуваат манифестациите,која е реновирана 2005 год.со црвени столици и е во добра состојба.
Вкупно можат да се соберат 180 луѓе.
Во зградата на првиот спрат се наоѓа матична библиотека ,,Кочо Рацин,,која е посебно од домот на културата.Во близина на домот се наоѓа маркет Кит Го ,плоштад Св Петар и Павле,и ресторант.
2009.год.беше реконструиран покривот на домот 2010 год сменет прозорец на помошната канцеларија и ставен ламинат на истата,доле во влевот се излепени плочки и сменета врата ,купени звучници за потреби на домот и мн други неопходни работи направени кои се неопходни за успешно извршување на работните задачи.2019 е извршена реконструкција на еден зид во кино салата,2020 реконструкција на друг зид во кино салата.Извршена е замена на 2 алуминиски врати ,горе на спрат ,влез во канцеларија и влез во кино сала.2021 год е извршено порамнување на балконот во кино салата со дрвени плотни и ставено е ламинат.2022 год ходникот пред влезот на кино салата е реконструиран и премажан со лепак,мрежа и абрид.2023 год надворешната тераса е залепена со плочки,и ставена е кована ограда на тераса поради заштита .

**-Расположиви ресурси во домот**

Материјално технички ресурси

**Опрема**

| ОУДК,,Јане Сандански,, | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Просторија која се користи како | Канцеларија | Помошна канцеларија | Гардероба | Зелена соба | Кино сала | Тера са |
| Опременост со аудио визуелни и технички средства | Кино сала прожектор | звучници | печатач | двд | Компј Утер Лап топ | LCD |
| Носии женски и машки | 24 | | | | | |
| опинци | 15 | | | | | |

**Простор**

Просторните услови во домот на културата се добри одговараат на потребите на домот.
Во кино салата се одржуваат театарски претстави,манифестации,салата е акустична со 180 седишта и ги задоволува потребите на домот.
Располагаме со канцелариски простор,кино сала за одржување на манифестации и прожектор кој не е во употреба.

**2.Финансиски ресурси**

Од аспект на финансиски ресурси ,покрај средства што добиваме од културата преку државниот буџет,и од разни проекти имаме помош и од локалната самоуправа,спонзорства од бизнисмени,од закуп ,организирање на театри,откуп и продажба на слики од ликовна колонија и др.

**3.Човечки ресурси**

3.1 Вработени

| Ред.бр | Име и презиме | пол | возраст | стаж | Стручна подготовка | Работно место | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Валентина Веселинска | ж | 57 | 25 | Високо образование | директор | |
| 2. | Љупчо Павловски | м | 47 | 21 | ссс | Домар хигиеничар | |

**4.Ресурси во опкружување**

Во непосредна близина се наоѓа Матична библиотека ,,Кочо Рацин,,црква ,,Св Петар и Павле,, супер Кит Го ,кафич,а во поширoката околина Општина Пехчево,Здравствен дом, Стопанска банка,ОО.У,,.Ванчо Китанов‘‘, детската градинка ,,Седми септември,,

**-Културни и образовни установи**

Општинска установа Дом на култура ,,Јане Сандански,,Пехчево ,Основно
Училиште,,Ванчо Китанов,,градинка ,,Седми Септември,,со кои установи во корелација и соработка успешно ги реализираме сите активности предвидени во годината,се со цел да се доближиме до децата и граѓаните на Пехчево и да им овозможиме издигнување на културно и образовно ниво.

**-Невладини организации**
Еколошко друштво,ОЖП Пехчево, Здружение на Пензионери Пехчево, Здружение на роми.

**-Професионални здруженија**
Здружение на земјоделци, здружение на занаетчии, Стопанственици Здружение на пензионери, Здружение на пензионери.

**-Трговски друштва**
Мали претпријатија,срени претпријатија ,Ад

**-Медиуми**

Медиумската покриеност на нашата територија нема, по потреба повикуваме медиуми од Делчево и Берово или ангажираме лице за снимање и сликање од страна, доколку не сме во можност за тоа се снаогаме сами, за сликање и снимање.

**МИСИЈА**

***Создаваме културна навика и љубов кон уметноста ,традицијата фолклорот.***

**МОТО**

***Гледај ,Учествувај,твори ,играј ,пеј и сето тоа ке ти овозможи културно издигнување.***

**ВИЗИЈА**

***Сакаме кај децата да го издигнеме културното ниво,да ги откриеме нивните таленти,да им ја пренесеме љубовта кон Етно музиката,фолклорот,љубов кон танцот и орото ,љубов кон старите носии кои го претставуваат нашиот крај ,чување на музејското богатство и одржување.***

**ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА НА ДОМОТ Н А КУЛТУРАТА**

| Орган на раководење |
| --- |
| Директор |

| Орган на управување |
| --- |
| Управен одбор<br>Брои 5 члена-1 од домот<br>1 од локалната самоуправа<br>3 истакнати уметници |

**Организација на работата на домот**

Во текот на целата година организацијата на Домот на културата „Јане Сандански„се состои од постојана организирање на културно уметничка програма по повод православните празници,( Велигден, Божиќ ), Одбележување на 8 Март „Денот на жената‘‘, културен хепенинг во играње шах и табла, одржување на јавни трибинина невладини и владини организации, организирање на манифестации од ОО.У.„Ванчо Китанов‘‘ и детската градинка „Седми септември‘‘- Пехчево во соработка со домот мултимедијални претстави, театарски претстави за деца и возрасни, промоција на книги, културен и ликовен хепенинг, пантомима и акробација, театар за деца и возрасни, промоција на книга,изложби на реномирани уметници, учество на „Етно саем‘‘ во организација на Општина Пехчево, редовно ги подржуваме сите манифестации организирани од Општината со дечиња облечени во носија кои држат погача за дочек на гости, редовно распишуваме ликовни и литературни конкурси на резлични теми а со цел одбележување на некој значаен датум, програма по повод светскиот ден на Ромите, изложби, манифестација по повод ОЖП, хор на деца при домот на

културата, културно уметничко друштво кое постои повеке години со чија помош ја претставуваме нашата земја, фолклорот традицијта , внатре и надвор од нашата земја. Огранизација на фестивал Распеано малешевче кое финансиски подржано од министерството за култура се одржа четири пати до сега и претставува гордост на нашиот град. Одржување на Малешевска Пијанечка свадба во функција на туристичка понуда на регионот во која како партнери се појавуваме и ние со КУД„Јане Сандански„ и ред други активности кои во текот на годината ке ги реализираме, во зависност од потребите и условите предложени од разни граѓански асоцијации .

**Годишна програма на домот на културата за 2024год.**

**Новогодишен и Божикен концерт, Староградски песни , хор пензионери Малешевска Китка .**
Учество на КУД„Јане сандански‘‘Пехчево„ученици од ООУ„Ванчо Китанов ‘‘Целта е да се негува фолклорот,традицијата во Малешевско Пијанечкиот крај.Нови ора ,нови кореографии.

Почнуваме со упис на членови при КУД„Јане Сандански’’Пехчево
и изучување на нови кореографии.Кореограф Никола Каракашов.
Членуваат околу 100 членови на КУД„Јане Сандански“Пехчево.
Формирање на рекреативна група на играорци од стари и нови членови .
Трета изложба на книги саем на книги во зависност со договарање на литературните издавачи.
Година ја почнуваме со изложба на карикатури од Виница In Veritas Vinica

Ке учествуваме на „Зелникот на баба ‘’ Пробиштип .

Ден на вљубените,настан кој младите го слават ,а лозарите го величат.

Пишување на песни,дружење и забава ...
8 март 2024 ,изработка на честитки,цртање на штафелаи, пишување на песни,креативна работилница изработка на цвеке со овошје и зеленчук,по повод 8 март.
Детска театарска претстава ,во соработка со градинката и ООу„Ванчо Китанов.

Велигден ,учество на КУД„Јане Сандански’’ Пехчево
Велигденска работилница,изработка на Велигденски јајца.Во соработка со Општина Пехчево и сите институции во градот,ке направиме настан со кој нашите учесници и нашите грагани ке се гордеат.Со учество на нашите играорци од КУД„Јане Сандански’’кино салата е преполна.Има околу 200 посетители.

Изложба Цвеке 2024 год во Струмица.

УЧЕСТВО НА РЕПУБЛИЧКИ СРЕДБИ ЦВЕКЕ 2024 ГОД СО НАШИ УЧЕНИЦИ ОД ООУ„ВАНЧО КИТАНОВ’’Пехчево со свои цртежи,цртање на хамер и пастел бои.

Театарска претстава за возрасни.
Имаме соработка со сите детски театри ,театри за возрасни, музички групи,акробати,пантомими, циркузи,и други ,во нашата земја ,со кои можеме да се договориме да присустуваат во нашиот град .

Посета на музеј со ученици од нашето училиште,ширум нашата земја.

Посета на едукативен центар Негрево и учество со нашето КУД.

Втора самостојна изложба на Фимка Капушевска наша сограганка.

Светски ден на пчелата ,Учество на КУД„Јане Сандански’’Пехчево.

Труичински Русински Средби 2024 год.Учество на наши играорци во Русиново.

Завршна програма од училиште во соработка со домот на културата „Јане Сандански’’Пехчево.Проби во салата во домот на културата,соработка со наставниците и учениците.

Петровден и Павловден празник на градот.Учество на Куд„Јане Сандански
Етно саем на плоштадот ,гости од повеке градови на државата и надвор од неа,фестивал на Дувачки оркести.

Играње на шах и табла културен хепенинг, доделување на пофалници и дипломи на учесници од страна на директорката на домот на културата.
Развивање на дружба,колективен и борбен дух,средба на млада и возрасна генерација.,потик за учество и соработка со домот на културата.

Организираме ликовен есенски хепенинг,на кој учество земаат повеке деца ,кои цртаат на терасата ,и на крајот се избира најубав цртеж,и од страна на директорката им се доделуват благодарници за учество.

Посета на лица со посебни потреби и одржување на работилница во домот на културата,со изработка на разни активности.

Облекување во народни носии на учесници при КУД„Јане Сандански’’ Пехчево.
Самостојна изложба на повеке уметници од земјата ,па и од странство.
Изложбата трае по една недела и во соработка со ученици и наставници од основното и средното училиште во групи ,прават посета на изложбата ,и се држат едукативни часови од страна на наставниците.

Учество на ученици со гитари од музичките школи, и од страна на домови на културата.

Лесновска ликовна колонија

Владимирски Илинденски Средби 2024 годУчество со КУД„Јане Сандански Пехчево.

Голачки фолклорни средби 2024 год.

Форест Фест 2024 годПосета на едукативен центар Негрево ,учество на КУД „Јане Сандански’’Пехчево збогатување на програмата .

Патување и учество во странство со КУД„Јане Сандански’’Пехчево Освојување на награди ,пофалници,размена на искуства ,нови познанства ширење на фолклорот, традицијата ,културата .

Положување свежо цвеке пред бистата на плоштадот од страна на делегации и Општина Пехчево,и одржување на свечена седница

Пантомима,акробација,настап кој секогаш ги воодушевува децата па и повозрасната публика.
Соработка со повеке театри ширум земјата и покана од наша страна во зависност од договорот и финансиите .

Театар за деца и возрасни од Кичево ,Скопје ,Демир Капија ,Штип,или некој друг град ,соработка и размена на искуства и мислења со сите институции од културата.
Годината ја завршуваме со новогодишен концерт на КУД и новогодишна театарска претстава за деца.Поради намалениот бр на деца во нашиот град се судруваме со голем проблем,бидејки театрите спрема бројот на присутни деца веке со тешкотии сакаат да учествуваат кај нас во Пехчево.
Новогодишен коктел за сите учесници играорци,доделување на пакетчиња.(Новогодишна забава)

Имаме дадено согласност на неколку физички лица ако им се одобри проектот од културата да можат да учествуваат во нашиот град се со цел развивање на соработка со други установи и центри ширум нашата земја.
Оваа година на конкурсот за финансирање на проекти од министерство за култура ке учествувавме со проект Работа со КУД„Јане Сандански''Пехчево .
Домот на културата Јане сандански‘‘Пехчево има страна ,и ако нешто повеке сакате да знаете и да видете што работи домот на културата,кои настани ги прави слободно погледајте , а може и да дојдете во нашите простории, ние секогаш сме расположени за соработка и секој е добредојден.

Изработил:
ОУДК„Јане Сандански„
Пехчево
Директор
Валентина Веселинска с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Јавен повик за пријавување на лица за членови на надзорен одбор во ЈКП „Комуналец„ - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Јавен повик за пријавување на лица за членови на надзорен одбор во ЈКП „Комуналец„ - Пехчево, што советот на општина Пехчево го донесе на 24-та седница одржана на ден 25.01.2024 година.

Бр. 09-158/9
25.01.2024 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Во согласност со одлуката на Владата за што поголема транспарентност и отчетност на органите на државната управа и јавните претпријатија, а практикувајќи ги европските вредности и член 17 и 17-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Р.М.бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и Сл.Весник на РСМ бр. 275/19, 89/22 и 274/22),, Советот на општина Пехчево, во својство на основач на претпријатието, објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**

**за пријавување на лица**

- за член на Надзорен одбор во ЈКП „Комуналец" Пехчево (едно лице);

Кандидатот за член на Надзорен одбор за контрола на материјално финансиското работење, мора да ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,

- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование од областа на правните науки, економските науки или од областа на дејноста на јавното претпријатие;

- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност;

- да има најмалку 5 години од областа на дејноста на комуналното претпријатие или најмалку 5 години работно искуство од областа на финансиско работење или најмалку 5 години работно искуство од областа на правните работи;

Времетраење на мандат: четири години, со право на уште еден последователен мандат.

Се поттикнуваат кандидатите што ги исполнуваат наведените услови, покрај наведените законски потребни документи, да достават соодветно мотивациско писмо (во слободна форма) и кратко CV (кратка биографија) во затворен плик со назнака „НЕ ОТВОРАЈ - ЗА ЈАВЕН ПОВИК ЗА ЧЛЕН НА НАДЗОРЕН ОДБОР ВО ЈКП КОМУНАЛЕЦ ПЕХЧЕВО„ во Архивата на Општина Пехчево, во рок од 8 дена од објавувањето на овој повик.

Комисијата за селекција за проверка на податоци по јавниот повик, по пат на административна селекција и интервју, подготвува и доставува предлог листа од најдобро рангираните кандидати до Советот на општина Пехчево.

Советот на општина Пехчево во рок од 15 дена од доставувањето на предлогот, ќе изврши соодветен избор од предложените кандидати и ќе донесе одлука за именување на член на Надзорен одбор во ЈКП „Комуналец" Пехчево.

Јавниот повик ќе биде објавен на веб-страната на општина Пехчево, огласната табла на општина Пехчево и веб-страната на ЈКП „Комуналец" Пехчево.

Бр.08-144/1
25.01.2024 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за усвојување на програмата за работа и развој на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, за 2024 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на програмата за работа и развој на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, за 2024 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 24-та седница одржана на ден 25.01.2024 година.

Бр. 09-158/10
25.01.2024 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 точка 27 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр.03/2021), советот на општина Пехчево наседницата одржана на 25.01.2024 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на програмата за работа и развој на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, за 2024 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ја усвојува Програмата за работа и развој на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2024 година.

**Член 2**

Програмата за работа и развој на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2024 година бр. 01-755/1 од 19.12.2023 година е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-145/1
25.01.2024 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

## Програма за работа и развој на
## ЈКП Комуналец Пехчево за 2024 година

Преку програмата за работа и развој на претпријатието, поблиску се дава слика за организацијата, управувањето и раководењето со претпријатието, дејноста, информирањето, планирањето, заштита и унапредувањето на животната средина, како и други прашања од значење за комуналното претпријатие.
Јавното комунално пртпријатие Комуналец Пехчево, е основано заради вршење на стопанска дејност од комунална област од јавен интерес, а која е незаменлив услов за животот и работата на граѓаните на територијата на Општина Пехчево.

ЈКП има својство на правно лице со своја жиро сметка, а за преземените обврски во правниот промет одговара со целокупниот свој имот со целосна одговроност.

ЈКП е основано со Акт за основање од Советот на општина Пехчево со Одлука бр.0801-80 од 26.05.1997 година.

Седиштето на ЈКП Комуналец се наоѓа на ул.Јулија Веселинска бр.40 во Пехчево.

ЈКП Комуналец во рамките на својот делокруг на работење ги врши следните дејности:

36.00 - Собирање, обработка и снабдување со вода

37.00 - Отстранување на отпадни води

38.11  - Собирање на безопасен отпад

38.12 – Собирање на опасен отпад

38.21 – Обработка и отстранување на безопасен отпад

38.22 – Обработка и снабдување на опасен отпад

42.00 - Нискоградба

42.91 – Изградба на хидроградежни објекти

43.00 – Специјализирани градежни дејности

43.11 – Уривање

43.12 – Подготвителни работи на градилиште

43.21 – Електроинсталатерски работи

43.22 – Поставување на инсталации за водовод, канализација

43.29 – Други градежно-инсталатерски работи

43.99 – останати градежни работинњапомнати на друго место

49.00 – Копнен транспорт и цевоводен транспорт

49.41 – Товарен патен транспорт

52.29 – Останати придружни дејности во превозот

81.00 – Услуги поврзани со одржување на згради и дејности на уредување

81.22 – Останати дејности на чистење на згради и објекти

81.30 – Услужни дејности за уредување и одржување на животната средина

## 1.Сектор финансиско работење

Секторот за финансиско работење ги врши следните работи и работни задачи:

- Ги следи законските прописи и се грижи за нивна примена
- Се грижи за целокупното финансиско работење, за ажурно изработување на периодични сметки, завршните сметки и за нивната уредност и точност
- Прима и контролира финансиски документи во работењето на претпријатието
- Одговорен е за правилно и уредно извршување на законските прописи од финансиското работење на претпријатието
- Води евиденција за наплата
- Го контролира книжењето на благајничите дневници, комлетната документација од финансовото книговодство

Во овој сектор функционираат две одделенија:

1.1 Оделение за сметководство и финансова оператива

1.2 Оделение за општо, правни работи и човечки ресурси

### 1.1 Оделение за сметководство и финансова оператива

- Финансиско книговодство
- Материјално книговодство
- Магацинско работење
- Влезни калкулации набавка на материјали
- Основни средства и ситен инвентар
- Јавни набавки
- Изработка и евиденција на наплата на фактури за комунални услуги
- Фактурирање
- Благајна-наплата на сметки и фактури

Програмскиот модул за финансово книговодсто ги содржи функциите пропишани со законска регулатива во оваа област. Покрај водењето на контниот план, евиденција на деловните партнери

(купувачи, добавувачи, и други комитенти), типовите на документи што се обработуваат, модулот овозможува внесување и преглед на податоци по профитни единици, со што се овозможува длабока и финансиска анализа на клучните параметри за работењето на претпријатиетo од финансиски аспект.

Со други зборови овозможена е анализа на приходите и трошоците , како збирно, на ниво на целото претпријатие така и поединечно т.е на ниво на организационите делови на претпријатието.

Евиденцијата на набавки, складирањето и трошењето на материјалите е основна задача на материјалното книговодство. Магационерите ја водат евиденцијата на примените и издадените материјали и ја создаваат магацинската документација Програмскиот модул за материјално книговодство е основа за следење на состојбите на залихите во магацините на претпријатието.

Програмскиот модул за изработка и евиденција на наплата на фактури за комуналните услуги е значаен сегмент од работењето на секое комунално претпријатие. Причината е во тоа што финансискиот ефект и финансиските ресурси што претпријатието го добива за своите услуги, во голем процент зависат од неговиот квалитет, флексибилност, ефикасност и точност.

Во рамките на овој сектор се спроведуваат и јавните набавки, се изготвува годишен план за јавни набавки и се спроведува целата постапка од изготвување на одлуката за потребата од јавна набавка, па се до склучување на договор.

**Ворамките на WEB страната на претпријатието покрај содржините од јавен карактер, поставен е и WEB програмски модул за брзо плаќање на фактури и пријавување на состојба на броило со формирање на кориснички профил**.

### 1.2 Оделение за општо правни работи и човечки ресурси

Оделението за општи и правни работи се грижи за сите правни и административни-технички работи, нормативно-правни и општи работи ( следење на законските прописи и акти, изготвување акти на претпријатието, давање предлози за измени и дополнување на актите, дава совети и мислења на работниците, изготвува материјали за седниците на органите на управување.

Наплатата на заостанатите побарувања е законска обврска на Јавните комунални претпријатија. Се работи за комплексен процес, во кој, покрај податоците од финансиската евиденција и евиденцијата на услугите, учествуваат и надворешни ентитети, како што се адвокатите, нотарите, извршителите и судовите. Клучен момент во процесот е точноста на изворната документација врз чија основа се темели побарувањето, вклучувајќи ги податоците за достава, податоците за услугата, пресметка на износите.

Сите обработки на податоци можат да се одвиваат како на ниво на еден корисник, така и на ниво на група корисници. Овозможен е широк опсег на критериуми за формирање на список на должници, врз чија основа постапката може да се спроведе до крај, вклучително изготвување на опомени за долг, договори за одложено плаќање на долгови, барање за извршување, поднесоци до адвокат, нотар,

## 2. Сектор за технички работи и развој

Во овој сектор функционираат две одделеленија:

2.1 Оделение за водоснабдителни објекти
2.2 Оделение за технички работи и услуги

## 2.1 Оделение за водоснабдителни објекти

Системот за водоснабдување на општина Пехчево и околните села се состои од следниве елементи: водозафат на Пехчевска река, доводен цефковод на сурова вода ДН 150, филтерна станица сместена над градот и дистрибутивна мрежа кон Пехчево, преку резервоари за санирана вода. Системот за третман на суровата вода е проектиран и изграден 1999 година и е наменет за задоволување на потребите од санитарна вода за пиење со проектиран капацитет од 100м3 час.

Суровата вода се обработува по следната технолошка постапка:

- Примарно таложење во хоризонтален таложник
- Коагулација и флокулација
- Бистрење со таложник во вертикален правец
- Филтрирање низ песок
- Дезинфекција со хлор

Таложникот е изграден од четири комори, првата комора претставува простор за брзо мешање реагенси и опремена е со ротациона мешалка, втората комора е простор за споро мешање во која е сместена спора мешалка, третата комора претставува тубуларен таложник со коси ламели под агол и конусни завраштетоци на дното. Испуштање на талогот се врши преку електромоторни вентили или рачно. Во четвртата комора е исталожената вода која преку погонска пумпа се носи до песочни филтри.

Типот на песочните филтри е брзи и затворени, кои се перат со филтрирана вода. Постапката на филтрирање на сурова вода низ слој од филтрациски материјал, во случај кај нас е опализиран туф, претставува физички процес на задржување на флокули со големи димензии во слојот од филтерскиот материјал, ова значи дека е неопходно матноста на суровата вода да се конвертира во флокули со што поголеми димензии.

Во текот на експлоатацискиот период работено е со опрема која е инсталирана во почетокот на изградбата, во период од 2018 до 2023 година, на системот се изведени повеќе адаптации и реконструкции. Замена на филтерскиот материјал во брзите филтри, проверка и дополнување е направено со нарачка од 13.5 тони филтрациски материјал и за него се потрошени 49.950 денари.

Во 2024 година е предвидено само дополнување на филтрите со филтрациски материјал-песок.

Филтрираната вода се дезинфицира со додавање на хлор преку раствор на NaCl , во филтерната станица постои резервоар и дозерна пумпа за хлор. Годишната потрошувачка на течен хлор е од 5000-6000кг или околу 300.000-350.000 денари.

Во рамките на овие изведени работи, инсталирана е опрема за регулација на проток на пречистената вода за пиење. Вграден е протокомерач со кој може да се измери дневната потрошувачка на санитарна вода, за кој се потрошени 30.000 денари. Во 2024 година планирано е да се инсталира опрема за регулација на проток на влезна сирова вода.

Во склоп на фабриката функционира и лабораторија за контрола на квалитет на вода за пиење.

Квалитетот на вода за пиење е пропишан во Правилникот за безбедност на водата за пиење. За исполнување на пропишаните параметри, контрола на квалитет на водата за пиење треба да се врши секојдневно.

Матноста се дефинира како вкупната концентрација на нерастворливи, колоиди и растворени материи во водата. Матноста како физичка карактеристика на суровата вода ја издвојуваме како битен фактор за квалитетот на сурова вода.

Максималната матност по поројни дождови е со вредност поголема од 500 NTU. Затоа за континуирано следење на параметрите за матност потребно е процесен турбидиметар кој чини околу 400 000 денари и Јавното комунално претпријатие не е во можност да го набави.

За да се намали матноста на суровата вода изграден е и повразан со филтер станицата хоризонтален претталожник (правоаголни базенти изградени од бетон и армиранбетон) кој има за функцијаа да ја намали брзината на водата а со тоа да се намали матноста и бојата на водата до 70% .

Сировата вода се излева од доводна цевка во птретталожна перфорирана преграда каде се намалува брзината на водата, суспендираните честички се таложат на наклонетото дно и чистата вода прелива во излезнит канал.

Водата се задржува околу 6 часа. Исталожената суспензија на дното со наклон спротивен на течењето се испушта по потреба низ цефки на дното. Во 2024 година се очекова негово целосно функционирање.

Контролата на квалитетот на водата за пиење вршат и следниве државни институции:

- ЈЗУ Кочани- се издвојуваат
- Институт за Јавно Здравје-Скопје
- Факултет за ветеринарна медицина
- Проанализ лабораторија-Струмица

Редовен инспекциски надзор врз работењето на производството на вода врши

- Институтот за јавно здравје-Скопје
- Дирекција за храна.

За чување на водата и израмнување на на разликата помеѓу дотекот и потрошувачката на вода во системите ги користиме резерварите. Резерварите освен што акумулираат вода за потребите на потрошувачите овозможуваат и рамномерен притисок низ мрежата.




Количина на вода во резервоарите во Пехчево и околни села:

- Пехчево ……………………..350+500м3
- Чифлик ……………………..200м3
- Робово ……………………..250м3
- Умлена ……………………..250м3
- Негрево ……………………100м3

**План и активности за 2024 година:**

- Редовно чистење на захфат на Пехчевска река
- Перење на таложник еднаш во неделата
- Перење на филтри двапати во денот
- Перење и хипохлорирање на резервоари еднаш во годината
- Техничко одржување на опремата за дозирање
- Одржување и уредување на дворното место
- DDR заштита на секои шест месеци (6 500 денари)
- Санитарни прегледи на шест месеци (15 000 денари)
- Основна анализа на вода два пати во месецот (130 000 денари)
- Голема анализа на сирова и преработена вода еднаш во годината(25 000 денари)
- Замена на водоводни делови (50 000 денари)
- Инсталирање опрема за регулација на проток на влезна сирова вода.
- Редовна дезинфекција на водата за пиење (350 000 денари)

- Набавка на осигурачи, склопки, реле, пловаци (10 000 денари)
- Перење на претталожник двапати во годината
- Се спроведува ХАССАП

## 2.2 ОДЕЛЕНИЕ ЗА ТЕХНИЧКИ РАБОТИ И УСЛУГИ

Снабдување на вода за пиење се врши преку водоснабдителен систем.

Водоснабдувањето треба да е непрекинато и квалитетно, независно дали се снабдува едно или повеќе домаќинства, индустрија или стопанство. Од резервоарот водата преку главна цевка оди во уличната (градската) водоводна мрежа. Од изворот на вода до населеното место, водата доаѓа по пат на гравитација.

Поделбата на водоснабдителните системи може да биде:

-водоснабдување на населени места

-водоснабдување на индустријата

Водоводната инсталација има за задача да ја довде водата за пиење до сите објекти. Секој објект се приклучува на водоводната мрежа таму каде што има изградено централен водоводен систем (приклучок со уличната цевка).

Потоа преку водомерна шахта-објект на корисникот се монтира водомер со вентил затворач пред него.

Јавното комунално претпријатие врши зафакање на водата, обработка на водата и дистрибуција преку водоснабдителен систем до главниот водомер на корисникот.

Корисник на услугата е правно или физичко лице сопственик на станбен, деловен, произвотствен објект приклучен на водоводната мрежа.

Од тука цената на водата за пиење се изразува во м3/ден.

Одражувањето на водоснабдителниот систем го врши давателот на услуга (оделение за дистрибуција на вода) и тоа водоводната инсталација до водомерната шахта вклучувајќи го и првиот вентил пред водомерот. Одражувањето на водоснабдителниот систем се обезбедува од цената на услугата.

Ако водомерот е неисправен, закочен корисникот на услугата е должен во рок од три дена од констатирањето на дефектот да го извести давателот на услугата и пресметката за наплата ќе се врши врз основа на годишната просечна потрошувачка до поставување на исправен водомер.

За одржување на водоводната и канализационата мрежа во Сектор водовод и канализација потребно е да се зголеми бројот на вработени.

Вкупно домаќинства-Број на приклучоци со водомери:



Потрошувачка на вода по категории:

- Претпријатија...............37 410м3
- Домаќинства ................139 942м3
- Неприходована вода     37%

Веднаш по употребата на чистата вода од водоводот, преку санитарните уреди дотекува приближно еднакво приближно еднакво количесто отпадна вода во канализацијата.Отпадните води од станбените и јавни објекти се собираат во вертикални цевки и потоа со хоризонтална цевка преку контролна шахта се одведуваат во уличната цевка. Често и дождовната вода што паѓа на покривите и терасите преку олуци дотекува во канализацијата. Најголем дел од водата што се користи во процесот на производство во индустријата е отпадна вода.

Воденото количество што дотекува во каналите зависи од големината на канализационото подрачје, бројот на жители и дневната потрошувачка на вода од нив, врнежите, индустријата.

Атмосверските води се од паднатиот дожд и снег на соодветна сливна површина. Може да се многу чести но и многу загадени, зависно од височината, времетраењето и количеството на дожд.

Сите отпадни води, индустриски и атмосферски се вливаат во канализационите цевки. Од цевките со најмал попречен пресек водата тече во цевки со поголем пресек и на крај дотекуваат во главни канали (колектори). Колекторите ја одведуваат водата до пречистителна станица.

Контролните шахти- при прекин на текот на водата во цевките, заради затнување или таложење, низ контролните шахти се испира и пречистува.

Вкупен број на домаќинства – Број на приклучоци




**План и активности за 2024:**

Ќе се реализира секое доставено барање од страна на корисниците за приклучок на водоводната мрежа , замена на приклучната линија или поставување на водомер.

Навремено читање на водомери

Оделот ќе врши брзи интервенции на дефекти на водоводните линии во градот и селските мрежи со кои стопанисува ЈКП ,,Комуналец,,

Откривање на нелегални диви приклучоци со цел да се намали процентот на неприходована вода

Редовно ќе се врши исправност на канализационите шахти при прекин на текот на водата, и канализационите линии, и при појавување на истиот дефект неколку пати се планира реконструкцијаа на канализационата мрежа.

**Оделение за собирање, транспортирање и депонирање на отпад**

Управата за животна средина, Сектор за управување со отпад, на барање на правниот субјект ЈКП ,,Комуналец‘‘ ПО Пехчево, а врз основа на член 87 од Законот за општа управна постапка донесе: Решение за издавање дозвола за собирање и транспорт на отпад на ЈКП ,,Комуналец‘‘ ПО Пехчево, со седиште на ул. ,,Јулија Веселинкса‘‘ бр 40 Пехчево. Издавање на дозволата е од 22.09.2023, и важење на дозволата е до **22.09.2033** година.

**Услуги кои ги врши оделението се** : Собирање и транспортирање на комунален неопасен отпад од индивидуалните корисници и правни лица, негово депонирање на градската депонија и одржување на градската депонија согласно стандардите за зачувување на животната средина.

## Организација на работењето за управување со отпад

Подрачје каде ќе се спроведува услугата:




Начини и фреквенција на собирање на комунален отпад:

Динамиката на собирање на отпад е еднаш во неделата за индивидуалните и правните корисници во градот Пехчево и селата Чифлик, Робово, Умлена, Негрево, Панчарево, Црник.

Улиците од централното градско подрачје, отпадот ќе се изнесува  три пати во неделата.

Отпадот од туристичката населба Равна Река ќе се собира во две недели еднаш (по потреба при продолжен викенд фреквенцијата на собирање отпад ќе се зголеми).

Ќе се врши и вонредно чистење и празнење на контејнери и садови за отпад при одржување на разни културни и спортски манифестации кои ги организира Општина Пехчево.

*Понеделник*: с.Робово, с.Умлена, с.Чифлик, с.Панчарево, с.Црник, градски пазар, Централно градско подрачје.

*Вторник:* ул. ,,Јулија Веселинска‘‘; ул. ,,Младинска‘‘; Ул. ,,Гоце Делчев‘‘; Булевар ,,Равен‘‘; централно градско подрачје( Ристово Меанче, Тропик, Викторија, Ким), ООУ ,,Ванчо Китанов‘‘; ОЈУДГ ,,7 Септември‘‘; градски пазар; зграда кај Стопанска банка.

*Среда*: ул. ,,Буковик‘‘; ул. ,,Пиринска‘‘; Ул. ,,Правомајска‘‘; ул. ,,Среашо Пинџур‘‘; ул. ,,Илинденска‘‘ с.Негрево.

*Четврток*: ул. ,,8 Март‘‘; ул. ,,Индустриска‘‘;ул.,,7 Септември‘‘; ул. ,,Киро Медарски‘‘; ул. ,,Славчо Кацарски‘‘; ул. ,,Страхил Којунџиски‘‘; ул. ,,Симо Андоновски‘‘.

*Петок*: ул. ,,Кадиица‘‘; ул. ,,Македонија‘‘; населба Говедарник; комплекс бараки.

За извршување на овие дејности претпријатието услугата ја врши исклучиво со специјализирани возила:

| Марка | Капацитет | Година на производство |
|---|---|---|
| **Камион за отпад Iveco** | **4 m3** | **2020** |
| **Камион за отпад Mercedez Benz Атего** | **10 m3** | **2011** |
| **Deutz-Fahr- traktor** | | **2019** |
| | | |

Советот на општината на предлог на Градоначалникот на општината, врз основа на член 37 и 5и од законот за... , детално ги има пропишано условите, начинот и шемите за собирање и транспортирање на комунален отпад.

Според шемата бројот на контејнери е:

| **Населено место** | **Пехчево** | **Чифлик** | **Умлена** | **Робово** | **Негрево** | **Панчарево** | **Црник** | **Равна Река** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број на контејнери** | 56 | 9 | 12 | 15 | 6 | 10 | 13 | 11 |

Јавното претпријатие има интерес во процесот за селектирање на отпад, заради тоа што се намалува количината на отпад наменет за депонирање, со што се продолжува векот на траење на општинската депонија до воспоставување на регионален пристап на управување со отпд.

Третманот на отпад се однесува на процес на управување, третирање, и отстранување на отпадот на безбеден и еколошки одговорен начин. Целта на третманот на отпад е да се намали штетата предизвикана од отпадот по здравјето на луѓето и животната средина.

За постигнување најдобар резултат, се користат различни методи и технологии, вклучувајќи рециклирање, компостирање, согорување отпад, механичко-биолошки третман,зацврстување и депонирање.

Клучна компонента во модерната хиерархија за намалување на отпадот е ,,**Намали-рециклирај-повторно употреби‘‘**. Ова е процес на собирање, селектирање и преработка на отпадот во нови материјали и производи.

Рециклирањето помага да се зачуваат природните ресурси, да се намали потрошувачката на енергија и да се минимализира отпадот.

Сортирањето и третирањето на отпад му овозможува дополнително да се обработува во материјали за повеќекратна употреба, а со тоа да се максимизираат заштедите на примарните ресурси и енергија, како и да се намалат оптоварувањата на животната средина.

Достапни се повеќе стратегии и методи за управување со отпад. Стратегиите може да се комбинираат или да се преуредат во систем за управување со отпад кој одговара на организацијата. Современите стратегии за управување со отпадот се насочени кон одржливост.

Рециклирањето-познато како физичка преработка е идеално за отстранување на неоргански отпад како пластика, стакло, метал. Додека пак органскиот отпад како што е хартијата и храната може да се рециклира со компостирање, се претвара во органски отпад ( ѓубриво богато со хранливи материи).

Отпадното стакло од Општина Пехчево во соработка со овластен постапувач има поставено специјални садови за собирање на отпадно стакло, со што се намалува количината на стакло кое се депонира на депонијата.

Собирните места се наведени во шема за локација на содови за собирање и селектирање на отпад.




Отпадот од пакување ги вклучува сите отпадоци од пакување и пакување што се користи за индустриски, комерцијални, домашни, сервисни, канцелариски, малопродажни или комерцијални цели, без оглед на употребениот материјал.

Отпадот од пакување сочинува приближно 50 проценти по волумен од вкупниот домашен отпад.

Присуството на тешки метали како што се олово, кадмиум, жива придонесуваат отпадот од пакување негативно да влијае врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

Потребно е да се намали и ограничи употребата на штетни материи и други отровни супстанци во пакувањето, а со тоа да се постигне намалување на токсичноста на отпадот од пакување, потребно е да се постигне одделно собирање на отпадот од пакување на местото на негово создавање,рециклирање, а со тоа да се намали депонирањето на отпадот од пакување.

За таа цел склучен е договор за соработка и постапување со отпад од пакување со овластен постапувач Пакомак ДОО Скопје.

Заради поефикасното собирање отпад од пакување Пакомак Доо Скопје ја утврдува следната динамика на поставување опрема по тип, број на парчиња и година.

| Година | Зелена или жолта пластична канта од 120литри за собирање на ПЕТ амбалажа, Ал-лименки и хартија |
|---|---|
| 2023 | 50 |
| 2024 | 50 |

| | |
|---|---|
| 2025 | 50 |

**План и активности за 2024 година**

- Редовно собирање на сметот од домаќинствата и останати согласно редоследот прикажан погоре
- Редовно сервисирање и одржување на исправноста на возилата за собирање и транспортирање на отпад
- Набавка на пластични канти од 120 литри кои ќе се поделат на граѓаните каде нема можност за поставување на контејнери поради тесни улички
- Одржување на градската депонија до нејзино затварање и пристапување кон регионалната депонија
- Замена за оштетени делови на садовите за отпад(набавка на тркала) со нови
- Воспоставување на систем за селектирање на отпад на местото на негово создавање со поставување на специјализирани садови за отпад ( во декември 2023 година поставени се 30 канти за отпад од пакување, во 2024 година предвидени се да се постават уште 50 канти од 120 литри).

## Одделение јавна чистота и зеленило

ЈКП ,,Комуналец"- Пехчево ќе врши редовно и навремено чистење, миење на јавните површини и одржување на чистотата во централното градско подрачје и другите улици во градот, согласно програмата за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Пехчево, која ќе биде изработена од страна на Општина Пехчево и одобрена од Советот на Општина Пехчево.

Во овој оддел работат 3 работници кои се грижат континуирано извршување на зададените задачи.

Одржувањето на јавната чистота со метење на јавните површини секој работен ден ќе се врши на:

1 градскиот плоштад ,,Свети Петар и Павле" и улиците и тротоарите во централното градско подрачје.

Одржување на јавна чистота со метење на јавни површини еднаш неделно ќе се врши на:

2 Булевар ,,Равен", ул.,,Јулија Веселинска", ул.,,Индустриска" до раскрсницата пред Полициската станица и влезот на колективните згради на ул.,,Равен";

3 кејот на реката ,,Писа";

4 градското пазариште (понеделник попладне);

5 отворениот простор пред зградата на: Стопанска банка, Македонска Пошта и општината;

Одржување на јавната чистота со метење, косење, собирање на откосена трева, кастрење на гранки во парковите и на јавни површини континуирано ќе се врши на:

6 паркови и зеленилото покрај тротоарите на сите улици во Пехчево и тоа: на патот Берово-Пехчево (после бензинската станица на ,,Макпетрол"), зеленилото на влезот во Пехчево и булеварот, зелената површина кај Здравствен Дом ,,Иван Ѓорѓиев", зеленилото над градскиот пазар, пред маркетот на ,Кит-Го", тревниците на плоштадот, тревникот пред црквата ,,Свети Петар и Павле", - континуирано.

- одржување на јавната чистота на паркингот на ул.,,7-ми Септември", скалилата што ги поврзуваат површините на јавниот сообраќај и такси стојалиштето пред Плоштадот;
- градските гробишта;
- паркот ,,Езерце";
- сите тротоарски тревници во Пехчево;
- туристичкиот локалитет ,,Равна Река"- Пехчево;
- останатите улици и тротоари во Пехчево.

ЈКП ,,Комуналец"- Пехчево е должно да врши чистење на снегот и мразот во зимски услови на улиците на Пехчево и главни улици по селските населби.

Со програмата за зимско одражавање се предвидени обемот, динамиката и нивота на одржување на улиците со цел да се обезбеди непречено и безбедно одвивање на сообраќајот.
ЈКП ,,Комуналец'' изготвува програма за работа и оперативен план за зимско одражавање на локалните патишта и улици во општина Пехчево.
Коловозните линии при одражувањето во зимски услови ќе се расчистуваат според приоритетите како што се критичните точки, пристапноста до објектите што се од витално значење на граѓаните и собраќајниците од посебно значење за функционирањето на сообраќајот
Чистењето на јавните и сообраќајните површини ќе се извршува преку ден.

Градскиот пазар ќе се мие еднаш неделно во летниот период, а во зимскиот период по потреба.

Миењето на јавните и сообраќајни површини ќе се извршува ноќе или во часовите кога фреквенцијата на возилата и луѓето кои се движат на површините кои се мијат е минимална односно од 16:30 до 18:00 часот и од 04:00 до 06:00 часот.

**План и активности за 2024:**

- Набавка на метли и алати за работа

- Ангажирање на работници со договор на дело за да се метат улиците од песок, отпадоци и листови. Сето тоа се утоварува со трактор .

- Покривање на трошоците за гориво и делови за трактор

- Собирање на градинарски отпад

- Од Министерството за локална самоуправа, преку Бирото за развој е обезбедено средства за машина за метење и одражување на хигиената на јавен простор

## Одделение за одржување на паркови и јавно зеленило

Оддржувањето на парковите и јавното зеленило во Пехчево подразбира уредување на парковите, дворните места од јавен карактер, косење и уредување на парковите и зелените површини.

1. Парковски зелени површини кои по урабнистичкиот план се од јавен интерес се:

| | | |
|---|---|---|
| - | на влезот на Пехчево после бензинската станица на ,,Макпетрол" под патот | 2.200 m² |
| - | на влезот на Пехчево после бензинската станица на ,,Макпетрол" над патот | 1.000 m² |
| - | паркот пред општинската зграда | 2.00 m² |
| - | зелените површини спроти раскрсницата на Бул.,,Равен" со ул ,,Индустриска" | 700 m² |
| - | зелените површини спроти раскрсницата на Бул.Равен со ул.,,Илинденска" | 570 m² |
| - | плоштад Св.Петар и Павле | 100 m² |

| | | |
|---|---|---|
| - | паркова зелена површина до Здравствен дом ,,Д-р Иван Ѓорѓиев” | 2.500 m² |
| - | паркова зелена површина пред ,,Стопанска банка”, ,,Пешан” и ,,Македонска Пошта” | 190 m²+ 50m² + 75 m² |
| - | паркова зелена површина помеѓу ООУ,,Ванчо Китанов” и ОЈУДГ ,,7-ми Септември” | 1.200 m² |
| - | парк ,,Езерце” | 5.500 m² |
| - | паркова зелена површина над градскиот пазар | 1.300 m² +350 m² |
| - | паркова зелена површина пред црквата ,,Свети Петар и Павле” | 120 m² |
| - | останати зелени површини | 2.600 m² |
| | ВКУПНО | 19.655 m² |

2. Други зелени површини се:

Во други зелени површини кои се од јавен карактер и кои се под интензивно одржување спаѓаат:

| | | |
|---|---|---|
| - | Туристичко-рекреативен центар ,,Равна Река” | 6.200 m² |
| - | Зелен појас од Пехчево до туристичкиот локалитет ,,Равна Река” од двете страни на патот | 12.000 m² |
| - | Зелена површина околу археолошкиот локалитет ,,Света Петка” | 19.300 m² |

Работниците од овој оддел ги работат работни операции во зависност од временскиот период во кој се изведуваат на сите зададени зелени површини. Покрај тоа се задолжени и за одржување на дрворедите во градот со нивно поткастрување, садење на нови и редовно собирење на паднатите листови.

Работни операции кои ги изведуваат се:

- Машинско косење на трева

- Рачно косење на трева

- Собирање на искосената трева

- Припрема на цветни површини

- Садење на сезонско цвеќе

- Прскање со инсектицид и фунгицид на сезонско цвеќе

- Окопување на цвеќиња

- Окопување на грмушки

- Кроење на ружи

- Кроење на дрвореди, оформување на крошни

- Оформување на декоративни дрвца

- Чистење на листови од зелени површини

- Полевање на зелени површини

- Полевање на цветни парцели

- Чистење на стази од трева

- Прскање со тотален хербицид по стази

- Отстранување и сечење на дотраени стебла

- Собирање на паднати листови

**План и активности за 2024:**

- Набавка на косачки и делови за нив

- Обезбедување на гориво за косачки

- Набавка на семенски материјал и одражување на цвеќе

## Стопанисување со градско пазариште

Градското пазариште во Пехчево располага со следниот простор и опрема:

- површина за пазар 1000 м2;
- површина за паркинг 1.000 м2 ;
- метални тезги со кров бр.25
- метални тезги без кров бр.3
- откриен продажен простор 500 м2 ;
- продажен простор полиња 500 м2;

Градското пазариште е од јавен интерес за граѓаните на општина Пехчево. Просторот кој е од времен карактер е тешок за оградување. „ЈКП Комуналец“ стопанисува со Градското пазариште заради квалитетно и организирано вршење на дејноста управување со пазар.

За одржувањето на пазарот ЈКП наплаќа соодветен надоместок за користење на тезги и полиња со склучување на договори со трговците, како што е предвидено и со закон.

Освен за тезги и полиња странките наплаќаат и за месечни резервации.

Според законот за безбедност на храната, трговците и производителите се должни да продаваат проверена и контролирана роба, која може да биде контролирана од инспектор за храна.

Целта на овој закон е да се обезбеди високо ниво на заштита на здравјето на луѓето и интересите на потрошувачите во однос на храната.

Поставени се нови контењери на градскоит пазар , а исто така е поставен и сад за стакло.

**Управување со градски гробишта**

За уредувањето и одржувањето на градските гробишта ја врши ЈКП ,,Комуналец‘‘-Пехчево.

Претпријатието ги врши следниве услуги :

- Доделување на гробни места
- Одржување на гробиштата
- Издавање на одобрение за погреб
- Водење дневник на погребални лица

**План и активност за 2024:**

Доделување на гробни места и управување со договорените даватели на погребални услуги- Оператори, согласно законските обврски

Управување со договорените каменорезци според законските прописи за уредувања на гробни места

| Планирани тошоци за 2024 | | |
|---|---|---|
| 1 | Електрична енергија | 600.000 денари |
| 2 | Огревно дрво | 80.000 денари |
| 3 | Нафта и бензин | 700.000 денари |
| 4 | Уље, антифриз и сл | 100.000денари |
| 5 | Потрошени делови за механизација | 500.000 денари |
| 6 | Регистрација и технички преглед на возила | 40.000 денари |
| 7 | Поштенски, карго услуги | 25.000 денари |
| 8 | Фиксен, мобилен тел. интернет | 80.000 денари |
| 9 | Заварување и дреарски услуги | 30.000 денари |
| 10 | Сервисирање и баждарење на водомери | 10.000 денари |
| 11 | Компјутерско одржување | 160.000 денари |
| 12 | Трошоци за испитување и анализа на вода | 130.000 денари |
| 13 | Трошоци за членови на Н.О и У.О | 63.000 денари |
| 14 | Репрезентации | 70.000 денари |
| 15 | Бруто плати | 10.000.000 денари |
| 16 | Амортизација | 1.550.000 денари |
| 17 | Трошоци за бруто плата за вработени преку АПВ | 1.500.000 денари |
| 18 | Набавка на гуми за возила | 100.000 денари |
| 19 | Трошок за исплата на вработени кои | 130.000 денари |

| | | |
|---|---|---|
| | заминуваат во пензија | |
| 20 | Набавка на контењери, канти за смет и делови за истите | 100.000 денари |
| 21 | Набавка на инструменти за контрола на квалитет на вода за пиење | 50.000 денари |
| 22 | Набавка на косачки и нивни делови | 30.000 денари |
| 23 | Трошоци за адвокат, нотар | 200.000 денари |
| 24 | Трошок за обештетување по погреби | 100.000 денари |
| 25 | ХТЗ опрема | 150.000 денари |
| 26 | Лица кои вршат услуги за ЈКП (договор на дело) | 100.000 денари |
| 27 | Набавка на хлор, алуминиум сулфат, вар | 300.000 денари |
| 28 | Трошок за уплати по спогодби | 300.000 денари |
| 29 | Канцелариски материјали | 80.000 денари |
| 30 | Резервни делови за водовод и канализација | 200.000 денари |
| 31 | Хигиенски средства | 30.000 денари |
| 32 | Трошоци за обука на вработени | 30.000 денари |
| 33 | Систематски преглед на вработените | 25.000 денари |
| 34 | Дневници за службени патувања | 20.000 денари |
| 35 | Трошоци за членарина | 50.000 денари |
| 36 | Патни трошоци | 30.000 денари |
| 37 | Спонзорство | 10.000 денари |
| 38 | Банкарски провизии | 70.000 денари |
| 39 | Агенциски услуги и провизии | 100.000 денари |
| 40 | Судски такси | 20.000 денари |
| 41 | Трошоци за весници и списанија | 5.000 денари |
| 42 | Регрест за годишен одмор | 300.000 денари |
| 43 | Објавување на оглас | 20.000 денари |
| 44 | Камати од тековни обврски и камати од претходни години | 550.000 денари |
| | Вкупно: | 18. 688.000 |

ЈКП ,,Комуналец”- Пехчево
ВД Директор
Драгана Вазлиска с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за усвојување на Финансиски план на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2024 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на Финансиски план на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2024 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 24-та седница одржана на ден 25.01.2024 година.

Бр. 09-158/11 | Градоначалник на
25.01.2024 год. | Општина Пехчево
Пехчево | Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 и 6 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 точка 25 и 27 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 25.01.2024 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Финансиски план на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2024 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува Финансискиот план на ЈКП „Комуналец„-Пехчево за 2024 година.

**Член 2**

Финансискиот план на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2023 година бр. 05-756/1 од 19.12.2023 година, е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-146/1 | Совет на општина Пехчево
25.01.2024 година | Претседател
Пехчево | Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

ЈКП КОМУНАЛЕЦ ПЕХЧЕВО

Ул.Јулија Веселинска бр 40   2326 Пехчево Р.С.Македонија

Тел      00389 033 441 159

e-mail  jkpkomunalecpehcevo@yahoo.com

# ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА 2024 ГОДИНА

## 1. ВКУПНО ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ

1.Приходи од нови приклучоци и обновување на стари...........................50 000
2.Приходи од граѓани по основ на вода и канализација........................ 7 500 000
3.Приход од правни лица по основ вода и канализација.........................3 000 000
4.Приходи од ѓубре од физички лица......................................................2 700 000
5.Приход од ѓубре правни лица ...............................................................1 600 000
6,Приход од одржување на гробишта.........................................................670 000
7.Приход од користење комунална инфраструктура на гробишта...............50 000
8,Приход од продажба на гробно место......................................................200 000
9.Пазаришна такса и резервации................................................................200 000
10.Приход од  извршени  услуги за водовод и канализација.....................200 000
11.Приход од градежни машини..................................................................500 000
12.Чистење на тротоари и други јавни површини и одржување на паркови и зеленило.........................................................................................1 300 000
13. Приходи од зимско одржување ............................................................400 000
14, Приход од наплата на Нотарски и Извтршни решенија ........................600 000

**Вкупно планирани приходи** **= 18 970 000 .00**

## 2. ВКУПНО ПЛАНИРАНИ ТРОШОЦИ

### Трошоци за набавка на материјали

1.Канцелариски матерјали..........................................................................80 000
2.Резервни делови за водовод и канализација..........................................200 000
3.Набавка на хлор.........................................................................................250 000
4.Алуминиум сулфат......................................................................................40 000
5.Вар................................................................................................................10 000

**Вкупно** **=580 000,00**

**Трошоци за енергија**

1.Електрична енергија.........................................................................600 000
2.Огревно дрво…………………………………………………………..……....80 000
3.Нафта и бензин……………………..………………………….................1 000 000
4.Уље и сл……………………………………………………………..……………100 000

**Вкупно = 1 780 000 ,00**

**Други трошоци**

1.Трошок за обештетување по погреб.......................................................100 000
2.Трошоци за телефон.............................................................................80 000
3.Трошоци за интернет услуги.................................................................10 000
4. ХТЗ опрема..........................................................................................150 000
5.Лица кои вршат услуги за ЈКП Комуналец (договор на дело)..................100 000
6.Трошоци за испитување и анализа на вода............................................150 000
7.Трошоци за компјутерско одржување .....................................................30 000
8.Регистрација на возила и осигурување....................................................40 000
9.Трошоци за членови на Надзорен одбор и У.О.......................................100 000
10.Дневници ..............................................................................................40 000
11.Репрезентација......................................................................................70 000
12.Прехрамбени производи и сретства за хигиена.......................................30 000
13.Банкарски услуги, ПТТ и карго...............................................................70 000
14.Премии за осигурување на имот.............................................................20 000
15.Камати..................................................................................................100 000
16.Судски такси............................................................................................20 000
17.Бруто плати.........................................................................................10 000 000
18.Амортизација.......................................................................................1 550 000
19.Трошоци за бруто плата за вработени преку АПВ..............................1 500 000
20.Дреарски и браварски услуги............................... ..............................100 000
21.Трошоци за Адвокат и Нотар................................................................200 000
22.Превентивно одржување на софтвер....................................................130 000
23.Сервис на лада нива и трактор.............................................................. 60 000
24. Сервисирање и баждарење на водомери................................................50 000
25, Сервис на машина JCB .......................................................................150 000
26, Сервис на камион за смет....................................................................150 000
27, Сервис на нов трактор ........................................................................100 000
28. Трошок за уплати по Спогодби (ЈЗУ и Фонд за води)............................600 000
29. Набавка на гуми за возила ...................................................................100 000
30. Трошоци за проценител за ревалоризација на опрема за пречистување на Филтер станица.........................................................................................50 000
31.Трошок за исплата на вработени кои заминуваат во пензија.................150 000
32. Набавка на контењери, канти за смет и делови за истите.....................100 000
33. Набавка на инструменти за контрола на квалитетот за вода за пиење...50 000
34. Набавка на косачки и нивни делови..........................................................30 000
35 Елаборат за заштита на животна средина...............................................300 000

**Вкупно = 16 480 000,00**

[redacted]

**Вкупно планирани трошоци 18 840 000 .00**

ЈКП ,,КОМУНАЛЕЦ" – Пехчево
ВД. ДИРЕКТОР
ДРАГАНА ВАЗЛИСКА с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за усвојување на годишниот план за јавни набавки на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2024 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на годишниот план за јавни набавки на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2024 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 24-та седница одржана на ден 25.01.2024 година.

Бр. 09-158/12
25.01.2024 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 и 6 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 30 став 1 точка 25 и 27 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 25.01.2024 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на годишниот план за јавни набавки на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2024 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува Годишниот план за јавни набавки на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2024 година.

**Член 2**

Годишниот план за јавни набавки на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2024 година бр. 09 - 757/1 од 19.12.2023 година, е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила со денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-147/1
25.01.2024 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 75 став 5 од Законот за јавни набавки (Службен весник на РМ бр.24/2019), Директорот на ЈКП „Комуналец" – Пехчево на ден 19.12.2023 година донесе:

**ГОДИШЕН ПЛАН**
**За јавни набавки за 2024 година**

| Бр. | Предмет на договор за јавна набавка/рамковна спогодба | Шифра според ЗПЈН | Вид на договор за јавна набавка | Вид на постапка | Проценета вредност | Очекуван почеток на постапката (месец) | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | I. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки | | | | | | |
| 1 | Моторни бензини и дизел гориво | 09000000-3 | Стоки | Поедноставена отворена постапка | 1.000.000,00 | Мај | |
| 2 | Канцелариски материјали | 22800000-8 | Стоки | Набавка од мала вредност | 80.000,00 | Јануари | |
| 3 | Натриум хипохлорит NaOCl, алуминиум сулфат, хидратна вар за прехрамбена индустрија | 24900000-3 | Стоки | Набавка од мала вредност | 300.000,00 | Јануари | |
| 4 | Моторни масла и антифриз | 09211000-1 | Стоки | Набавка од мала вредност | 100.000,00 | Февруари | |
| 5 | Фасонски делови | 44160000-9 | Стоки | Набавка од мала вредност | 200.000,00 | Јануари | |
| 6 | Прехранбени производи и средства за хигиена | 15000000-8 | Стоки | Набавка од мала вредност | 30.000,00 | Февруари | |
| 7 | ХТЗ опрема | 18100000-0 | Стоки | Набавка од мала | 150.000,00 | Мај | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | вредност | | | |
| 8 | Огревно дрво | 03410000-7 | Стоки | Набавка од мала вредност | 80.000,00 | Јули | |
| 9 | Гуми за возила | 34350000-5 | Стоки | Набавка од мала вредност | 100.000,000 | Март | |
| 10 | Канти и контејнери и резервни делови | 34928480-6 | Стоки | Набавка од мала вредност | 100.000,00 | Април | |
| 11 | Косилки за трева и резервни делови за косилки за трева | 16320000-4 | Стоки | Набавка од мала вредност | 30.000,00 | Мај | |
| | II. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги | | | | | | |
| 1 | Електрична енергија | 09300000-2 | Услуги | Набавка од мала вредност | 600.000,00 | Јануари | |
| 2 | Одржување и сервис на возила (со резервни делови) | 50200000-7 | Услуги | Набавка од мала вредност | 60.000,00 | Февруари | |
| 3 | Услуги од агенција за привремени вработувања | 79000000-4 | Услуги | Набавка од мала вредност | 150.000,00 | Февруари | |
| 4 | Дреарски и заварувачки услуги со материјали | 42660000-0 | Услуги | Набавка од мала вредност | 100.000,00 | Јули | |
| 5 | Сервисирање и баждарење на водомери | 50000000-5 | Услуги | Набавка од мала вредност | 50.000,00 | Мај | |
| 6 | Осигурување на имот и основни средства | 66000000-0 | Услуги | Набавка од мала вредност | 20.000,00 | Јуни | |
| 7 | Анализа на вода за пиење | 85140000-2 | Услуги | Набавка од мала вредност | 150.000,00 | Февруари | |
| 8 | Сервис на ЈЦБ | 50000000-5 | Услуги | Набавка од мала вредност | 150.000,00 | Март | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 9 | Сервис на трактор | 50000000-5 | Услуги | Набавка од мала вредност | 100.000,00 | Мај | |
| 10 | Сервис на камион за отпад | 50000000-5 | Услуги | Набавка од мала вредност | 150.000,00 | Мај | |
| 11 | Регистрација и осигурување на возила | 71631200-2<br>66510000-8 | Услуги | Набавка од мала вредност | 40.000,00 | Мај | |
| 12 | Елаборат за животна средина | 71000000-8 | Услуги | Набавка од мала вредност | 300.000,00 | Април | |
| 13 | Превентивно одржување на софтвер | 48000000-8 | Услуги | Набавка од мала вредност | 130.000,00 | Јануари | |
| | III. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на работи | | | | | | |

ЈКП „Комуналец„-Пехчево
ВД Директор
Драгана Вазлиска с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за давање согласност на Одлуката од УО на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за утврдување вредност на бод за пресметување на плата на административните службеници, давателите на јавни услуги и помошно техничките лица**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање согласност на Одлуката од УО на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за утврдување вредност на бод за пресметување на плата на административните службеници, давателите на јавни услуги и помошно техничките лица, што советот на општина Пехчево ја донесе на 24-та седница одржана на ден 25.01.2024 година.

Бр. 09-158/13<br>25.01.2024 год.<br>Пехчево

Градоначалник на<br>Општина Пехчево<br>Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 и 6 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 став 1 точка 25 и 27 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 25.01.2024 година донесе

**ОДЛУКА**

**за давање согласност на Одлуката од УО на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за утврдување вредност на бод за пресметување на плата на административните (јавните) службеници, давателите на јавни услуги и помошно техничките лица за 2024 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево дава согласност на Одлуката од УО на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за утврдување вредност на бод за пресметување на плата на административните (јавните) службеници, давателите на јавни услуги и помошно техничките лица.

**Член 2**

Одлуката од УО на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за утврдување вредност на бод за пресметување на плата на административните (јавните) службеници, давателите на јавни услуги и помошно техничките лица бр. 02-770/1 од 22.12.2023 година, е составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-148/1<br>25.01.2024 година<br>Пехчево

Совет на општина Пехчево<br>Претседател<br>Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 19 став 2 точка 9 од Законот за јавните претпријатија (Службен весник на Република Македонија бр. 38/96, 6/202, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/13, 41/14, 138/2014, , 25/2015, 61/2015, 39/2016, 64/2018, 35/2019 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/2019, 89/2022 и 274/2022) и член 14 од Статутот на ЈКП "Комуналец" - Пехчево, Управниот одбор на ЈКП "Комуналец" - Пехчево на седницата одржана на ден 22.12.2023 година донесе

**О Д Л У К А**

**За утврдување на вредност на бод за пресметување на плата на административните (јавните) службеници, давателите на јавни услуги и помошно - техничките лица за 2024 година**

Член 1

Вредноста на бодот за пресметување на платите на административните (јавни) службеници, давателите на јавни услуги и помошно - техничките лица за 2024 година изнесува 40,00 денари.

Член 2

Одлуката влегува во сила и ќе се применува по дадена согласност од Советот на општина Пехчево и објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Управен одбор
на ЈКП "Комуналец" - Пехчево
Претседател
Ванчо Мустачки с.р.

02-770/1
22.12.2023 година
Пехчево

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за усвојување на правилник за плати и други надоместоци на плата на вработените во ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на правилник за плати и други надоместоци на плата на вработените во ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на 24-та седница одржана на ден 25.01.2024 година.

Бр. 09-158/14<br>25.01.2024 год.<br>Пехчево

Градоначалник на<br>Општина Пехчево<br>Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 и 6 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 точка 25 и 27 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 25.01.2024 година донесе:

**ОДЛУКА**

**за усвојување на правилник за плати и други надоместоци на плата на вработените во ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува правилникот за плати и други надоместоци на плата на вработените во ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево.

**Член 2**

Правилникот за плати и други надоместоци на плата на вработените во ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево бр. 01-769/1 од 22.12.2023 година, е составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-149/1<br>25.01.2024 година<br>Пехчево

Совет на општина Пехчево<br>Претседател<br>Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 37- ц од Законот за јавните претпријатија (”Службен весник на Република Македонија” бр. број 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/15,, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и “Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22), а во согласност со одредбите од член 25 од Законот за вработените во јавниот сектор (”Службен весник на Република Македонија“ бр.27/2014, 199/2014, 27/16, 35/18, 198/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20), член 85, член 86, член 87 и член 88 од Законот за административни службеници (”Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и “Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/2020, 215/2021 и 99/2022) и членовите 105, 106, 107, 108, 109, 110, 111, 112 и 113 од Законот за работни односи (”Службен весник на Република Македонија“ број 167/2015 - Пречистен текст, 27/16, 120/18 и ”Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23) и член 14 од Статутот на ЈКП “Комуналец“- Пехчево, Управниот одбор на ЈКП “Комуналец“- Пехчево на седницата одржана на ден 22.12.2023 година донесе

# ПРАВИЛНИК
## за плати и други надоместоци на плата на вработените во ЈКП “Комуналец“ - Пехчево

### 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се утврдува системот на плати и надоместоци на плати на вработените во ЈКП “Комуналец“- Пехчево кои имаат статус на административни службеници (подгрупа јавни службеници), на вработените во ЈКП “Комуналец“- Пехчево кои имаат статус на даватели на јавни услуги во јавните претпријатија (подгрупа даватели на јавни услуги во областа на комуналните дејности и на други дејности заради кои се основани јавните претпријатија) и на вработените во ЈКП “Комуналец“ - Пехчево кои имаат статус на помошно – технички лица.

Член 2

Системот на плати и надоместоци на плати се заснова врз начелата на законитост, еднаквост, транспарентност, предвидливост и правичност.

Член 3

Вработените во јавното претпријатие кои имаат статус на административни службеници (подгрупа јавни службеници) имаат право на плата и надоместоци на плата, под услови и критериуми утврдени со Законот за административните службеници, Законот за вработените во јавниот сектор и овој Правилник, вработените кои имаат статус на даватели на јавни услуги во јавните претпријатија (подгрупа даватели на јавни услуги во областа на комуналните дејности имаат право на плата под услови и критериуми утврдени со Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за јавни претпријатија и овој Правилник, а вработените кои имаат статус на помошно – технички лица имаат право на плата под услови и критериуми утврдени со Законот за работните односи, Законот за вработените во јавниот сектор и овој Правилник.

Член 4

Работодавачот е должен за еднаква работа со еднакви барања на работното место да исплаќа еднаква плата на работниците без оглед на полот.

2. ПЛАТА И НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТА

Член 5

Платата на вработените во ЈКП ”Комуналец” – Пехчево се состои од следниве компоненти:
- основна компонента и
- исклучителна компонента.

**Основна компонента на плата**

Член 6

Основната компонента на плата на вработените во ЈКП ”Комуналец”- Пехчево кои имаат статус на административен службеник ја сочинуваат:
- минимална плата,
- дел на плата за степен на образование,
- дел на плата за ниво и
- дел на плата за стаж.

Член 7

Минималната плата е онаа која министерот за труд и социјална политика ја објавува во Службен весник на Република Северна Македонија согласно со закон.

Минималната плата се вреднува со 504 бода.

Член 8

Делот на плата за степенот на образование кој е законски минимум за соодветното ниво на работното место предвидено во актот за систематизација на работните места се вреднува на следниот начин:

| НИВО НА КВАЛИФИКАЦИИ/ОБРАЗОВАНИЕ | БОДОВИ |
|---|---|
| Ниво на квалификации VI A, 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен | 56 |
| Ниво на квалификации VI Б или 180 кредити според ЕКТС | 31 |
| Ниво на квалификации V A, 60 до 120 кредити според ЕКТС или вишо образование | 11 |
| Ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование | 1 |

Член 9

Делот на плата за нивото на кое е распореден административниот службеник се вреднува на следниов начин:

| НИВО | БОДОВИ |
|---|---|
| Б1 – раководен административен службеник од прво ниво | 344 |
| Б2 – раководен административен службеник од второ ниво | 323 |
| Б3 – раководен административен службеник од трето ниво | 233 |
| Б4 – раководен административен службеник од четврто ниво | 172 |
| В1 – стручен административен службеник од прво ниво | 106 |
| В2 – стручен административен службеник од второ ниво | 71 |

| | |
|---|---|
| В3 – стручен административен службеник од трето ниво | 56 |
| В4 – стручен административен службеник од четврто ниво | 25 |
| Г1 – помошно-стручен административен службеник од прво ниво | 15 |
| Г2 – помошно-стручен административен службеник од второ ниво | 10 |
| Г3 – помошно-стручен административен службеник од трето ниво | 5 |
| Г4 – помошно-стручен административен службеник од четврто ниво | 1 |

Член 10

Делот на плата за работниот стаж на административниот службеник се вреднува во износ од 0,5% од збирот на минималната плата, делот на плата за степен на образование и делот на плата за ниво, за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.

Член 11

Основната компонента на плата на вработените во ЈКП "Комуналец" – Пехчево кои имаат статус на даватели на јавни услуги ја сочинуваат:

- минимална плата,
- дел на плата за ниво и
- дел на плата за стаж

Член 12

Минималната плата е онаа која министерот за труд и социјална политика ја објавува во Службен весник на Република Северна Македонија согласно со закон.

Минималната плата се вреднува со 504 бода.

Член 13

Делот на плата за нивото на кое е распореден давателот на јавна услуга се вреднува на следниов начин:

| НИВО | БОДОВИ |
|---|---|
| А1-раководен давател на јавна услуга од прво ниво, | 379 |
| А2- раководен давател на јавна услуга од второ ниво | 220 |
| А3- раководен давател на јавна услуга од трето ниво | 213 |
| А4- раководен давател на јавна услуга од четврто ниво | 205 |
| Б1-стручен давател на јавна услуга од прво ниво | 200 |
| Б2- стручен давател на јавна услуга од второ ниво | 72 |
| Б3-стручен давател на јавна услуга од трето ниво | 60 |
| Б4-стручен давател на јавна услуга од четврто ниво | 51 |
| В1-помошно стручен давател на јавна услуга од прво ниво | 50 |
| В2-помошно стручен давател на јавна услуга од второ ниво | 49 |

Член 14

Делот на плата за работен стаж на давателот на јавна услуга се вреднува во износ од 0,5% од збирот на минималната плата и делот на плата за ниво, за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.

Член 15

Основната компонента на плата на вработените во ЈКП ”Комуналец” – Пехчево кои имаат статус на помошно – технички лица ја сочинуваат:
- минимална плата,
- дел на плата за ниво и
- дел на плата за стаж

Член 16

Минималната плата е онаа која министерот за труд и социјална политика ја објавува во Службен весник на Република Северна Македонија согласно со закон.

Минимална плата се вреднува со 504 бода.

Член 17

Делот на плата за нивото на кое е распореден работникот со статус на помошно - технички лица се вреднува на следниов начин:

| НИВО | БОДОВИ |
|---|---|
| А1- помошно-технички лица од прво ниво, | 72 |
| А2 помошно-технички лица од второ ниво | 50 |
| А3- помошно-технички лица од трето ниво | 49 |

Член 18

Делот на плата за работен стаж на помошно – техничките лица, се вреднува во износ од 0,5% од збирот на минималната плата и делот на плата за ниво за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.

**Вредност на бод**

Член 19

Висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените ја утврдува директорот на ЈКП ”Комуналец” – Пехчево, а ја донесува Управниот одбор на ЈКП ”Комуналец” – Пехчево.

Согласност на Одлуката за утврдување висина на вредност на бодот за пресметување на платите на вработените дава Советот на општина Пехчево.

Платите на вработените во ЈКП ”Комуналец” – Пехчево се утврдуваат така што утврдените бодови за определено работно место се множат со вредноста на бодот.

**Исклучителна компонента на плата**

Член 20

Исклучителната компонента ја сочинуваат:

**- додаток на плата за ноќна работа, работа во смени и прекувремена работа**

Вработените во ЈКП ”Комуналец” – Пехчево имаат право на додаток на плата за:
- ноќна работа;
- работа во смени;
- работа за време на празници утврдени со закон и
- работа подолго од полното работно време,
- работа во недела,
- дежурство

Додатокот на плата за ноќна работа по час се вреднува во износ од 35% од износот на основната плата по час.

Додатокот на плата за работа во смени по час се вреднува во износ од 5% од износот на основната плата пресметана по час.

Додатокот на плата за работа во недела изнесува 50 % за секој час поминат на работа.

Додатокот на плата за прекувремена работа се вреднува во износ од 35% од износот на основната плата, пресметана по час.

Додатокот на плата за дежурство во неработни денови се вреднува во износ од 800,00 денари (дневница за дежурство).

Административниот службеник кој бил ангажиран да работи согласно со условите од став 1, алинеи 3, 4 и 5 на овој член има право на онолку слободни часови, односно денови, колку што бил ангажиран за работата надвор од редовното работно време.

Слободните часови, односно денови од тековниот месец административниот службеник ги користи до крајот на наредниот месец, по месецот во кој бил ангажиран.

Доколку на административниот службеник не му се обезбеди користење на слободни часови, односно денови му се исплатува додаток на плата во износ од 35% од износот на основната плата, пресметана по час.

Додатоците на плата од ставот 1 на овој член меѓусебно не се исклучуваат.

**Други надоместоци на плата**

Член 21

Вработените во ЈКП ”Комуналец” – Пехчево, имаат право на надоместоци на плата и други надоместоци и тоа за:

- патни, дневни и други трошоци за службени патувања во земјата и во странство;
- трошоци за користење на возила во лична сопственост за службени цели;
- трошоци за одвоен живот од семејството;
- селидбени трошоци;
- трошоци за работа на терен;
- трошоци за погреб во случај на смрт на работник или член на неговото потесно семејство (брачниот другар и децата родени во брак или надвор од брак, посиноците, посвоените деца и децата земени на издржување).

Вработените имаат право на отпремнина при заминување во пензија.

Висината за пресметување и исплата на надоместоците од овој член се утврдуваат во согласност со закон и колективен договор.

Вработените во ЈКП ”Комуналец” – Пехчево, имаат право и на други надоместоци во согласност со закон и колективен договор.

Член 22

Овој Правилник влегува во сила со денот на добивање на согласност од Советот на општина Пехчево и објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Управен одбор
на ЈКП ” Комуналец” – Пехчево
Претседател
Ванчо Мустачки с.р.

22.12.2023 година
Пехчево

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за еднакви можности меѓу**
**жените и мажите на општина Пехчево и работа на КЕМ за 2024 година**

СЕ ОБЈАВУВА Програма за еднакви можности меѓу жените и мажите на општина Пехчево и работа на КЕМ за 2024 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 24-та седница одржана на ден 25.01.2024 година.

Бр. 09-158/15
25.01.2024 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

## ГОДИШНА ПРОГРАМА
## за еднакви можности меѓу жените и мажите
## на Општина Пехчево за 2024 година



Подготвува: Одделение за локален економски развој
Разгледува: Комисија за еднакви можности
Донесува: Совет на Општина Пехчево

ЈАНУАРИ, 2024

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02), член 14 став 1 и 2 од Законот за еднакви можности на мажите и жените (Службен весник на РМ бр. 6/12, 166/14, 150/15), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 25.01.2024 година донесе:

**ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО ЗА 2024 ГОДИНА**

## *1. ВОВЕД*

Врз основа на член 14 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, Општина Пехчево има законска обврска за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и било која област од општествениот живот.

Единиците на локалната самоуправа се должни во рамките на своите стратешки планови и буџети да го инкорпорираат принципот на еднакви можности на жените и мажите, да ги следат ефектите и влијанието на нивните прогроми врз жените и мажите и да го известуваат во рамките на своите годишни извештаи и да учествуваат во подготвувањето на Стратегијата за родова еднаквост во делот кој се однесува на единиците на локалната самоуправа.

За остварување на оваа цел, општината согласно одредбите од член 14 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, а заради суштинска имплементација на целите, покрај другото, пожелно е да изработи годишна програма во која ќе бидат утврдени мерки за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите. Локалната власт, може преку своите надлежности и преку кординација со многубројни локални фактори, да превземе конкретни акции во корист на родовата еднаквост, намалување на нееднаквоста и промовирање и градење на реални локални заедници и општество во кои еднаквоста ќе биде пракса.

## *2. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА*

Основните цели на активностите на Општина Пехчево, во областа на **родовата еднаквост,** предвидени со оваа програма се:

- Унапредување на **родовата еднаквост** на локално ниво;
- Прибирање на **родово** – **разделени податоци** и формирање на база на податоци;
- Зајакнување на свеста на жените ( со акцент на жени Ромки ) за континуирана грижа и заштита на сопственото здравје;
- Зголемено знаење на жените, за пријавување на ИПАРД мерките;
- Едукација на учениците во основните и средните училишта за важноста на машкото и женското здравје;
- Полесна пристапност за пешаци ( особено за жени ) до основното, средното училиште и детската градинка, особено во услови на снег;

## *3. РЕАЛИЗАЦИЈА*

Одговорни субјекти за имплементација на Програмата во областа на еднаквите можности на жените и мажите во Општина Пехчево за 2024 година се пред се, Координаторот за еднакви можности, Заменик координаторот за еднакви можности, поддржани од Комисијата за еднакви можности при Советот на Општина Пехчево.

Обврска и одговорност на администрацијата, е да креираат, иницираат и организират активности и проекти и да раководат со реализацијата на мерки, кои ќе придонесат за унапредување на односите во оваа сфера. Одговорност на Комисијата за еднакви можности е да ги разгледуваат од **родов аспект** сите одлуки, извештаи, идеи и политики на Општината.

### 4. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

| Реден број | Активност | Времетрање | Буџет на проектот во денари | Одговорни за имплементација и партнери | Извори на финансирање | Индикатори |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Прибирање на **родово** разделени податоци | Јануари - Декември | / | Координаторката за еднакви можности, Заменик координаторката за еднкави можности | / | Изготвен 1 документ со **родово** разделени податоци:<br>-Број на жени/мажи вработени по позиции во училиштата;<br><br>- Број на жени/мажи вработени по позиции во општината;<br>- Број на жени/мажи вработени по позиции во јавно комнално претпријатие; |
| **2.** | Создавање внатрешна процедура за задолжително разгледување на програмите на општините од страна на КЕМ во насока на нивна родова сензибилизација | Март / Април 2024 | / | Комисија за еднакви можности помеѓу жените и мажите<br><br>Координаторот за еднакви можности<br><br>Заменик координатор за еднакви можности | / | Развиена и усвоена внатрешна процедура |
| **3.** | Едукација во основното училиште за важноста на превенција на машкото и женското здравје | Јануари /Декември | 5.000,00 денари | Координаторката за еднакви можности<br><br>НВО секторот<br><br>НВО Организација на жените – Пехчево<br><br>НВО Организација на жени - Делчево | Буџет на ЕЛС<br><br>Здравствен дом Пехчево | Опфатени околу 90 ученици од 8 и 9 одделение од Пехчево и село Црник<br><br>За 20% зголемен степен на едуцирани ученици од основното училиште од Пехчево и село Црник |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Здравствен дом Пехчево | | |
| **4.** | Подигнување на свеста за родово базирано насилство преку локални кампањи, трибини и учество на сите засегнати страни | Ноември 2024 | 5.000,00 денари | Комисија за еднакви можности<br><br>Координатор за еднакви можности<br><br>Заменик координатор за еднакви можности | Буџет на Општина Пехчево | |
| **5.** | Со едукација до родова сензибилизација на наставниот кадар од општинското основно училиште заради давање на личен пример и индиректна едукација на учениците | Април, Мај, Септември, Октомври, Ноември 2024 год. | 5.000,00 денари | Комисијата за еднакви можности, Координторот за еднакви можности и Заменик координаторот за еднакви можности | Буџет на Општина Пехчево | Опфатени 70% од наставниот кадар во ООУ „Ванчо Китанов“ - Пехчево |
| **6.** | Работилница/ Обука за булинг и неговото влијание врз однесувањето на децата во ООУ „Ванчо Китанов“ - Пехчево | Октомври 2024 година | 5.000,00 денари | Координаторот за еднакви можности и Заменик координатор за еднакви можности | Буџет на Општина Пехчево | Опфатени 70% од учениците од 7,8,9 одделение од ООУ „Ванчо Китанов“ - Пехчево |

## *5. ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ*

Други форми на активности кои ќе се помагаат со средства од Буџетот на Општина Пехчево:

- Обезбедување стручна, техничка и друга поддршка со кадри и опрема со која располага општината;
- Организирање протоколарни и средби за воспоставување соработка на претставници на Општината со потенцијални донатори на проекти од областа на еднакви можности;

Овие форми на активности ќе се реализираат согласно можностите на Општина Пехчево, во соработка со институциите на локално ниво.

## *6. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ*

Градоначалникот на Општина Пехчево го следи реализирањето на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзиите цели и активности.

Општина Пехчево, преку вработените службеници во Одделението за локален економски развој, ќе ја спроведува и ќе го следи спроведувањето на оваа програма, ќе покренува иницијативи и ќе дава мислења и предлози во врска со остварувањето на предвидените активности и зацртаните цели и унапредување на еднаквите можности во Општина Пехчево.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Пехчево“.

Бр.01-150/1 Совет на општина Пехчево
25.01.2024 година Претседател
Пехчево Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за здравствена и социјална заштита на општина Пехчево за 2024 година**

СЕ ОБЈАВУВА Програма за здравствена и социјална заштита на општина Пехчево за 2024 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 24-та седница одржана на ден 25.01.2024 година.

Бр. 09-158/16
25.01.2024 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

# ПРОГРАМА ЗА ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО ЗА 2024 година



**Подготвува:** Комисија за заштита на пациентите
**Разгледува:** Одделението за локален економски развој
**Донесува:** Совет на Општина Пехчево

ЈАНУАРИ, 2024

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02) член 30 став 1 точка 10 од Статутот на Општина Пехчево (Службен гласник број 3/21), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 25.01.2024 година донесе:

## ПРОГРАМА
## ЗА ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО ЗА 2024 ГОДИНА

Содржина:
1.ВОВЕД
2.МЕТОДОЛОГИЈА НА ПОДГОТОВКА НА ПРОГРАМАТА
3.ЦЕЛНИ ГРУПИ И КРАЈНИ КОРИСНИЦИ
-Општо целни групи и крајни корисници
4.ЦЕЛ (или ПРИОРИТЕТИ) НА ПРОГРАМАТА
-Основни цели/приоритети
-Специфични цели/приоритети
-Одговорни сектори и одделенија

-Поврзаност со други области и сектори

5.ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ НА ПРОГРАМАТА

1.Проекти

-Доделување на парична помош за новороденче
-Сервис за стри лица
-Редовни ортопедски прегледи за навремено откривање на деформитети
-Право на финансирчка помош и подршка на жители на општина Пехчево
-Инкулзија за деца Роми во јавните образовни установи децки градинки во Општина Пехчево
-Одбележување на светски ден на здравата храна –16 Октомври
-Обезбедување на здравствена заштита на децата во пред школска и школска возраст
-Офтолмолошки преглед за деца во децката градинка и децата основното училисте од 1,2,3, одделение
-Дејствувај за подобро орално здравје
-Лабораториски анализи: Кој ,Зошто и Што значат резултатите
-Едукативна активност за прва помош во детските градинки и основните и средни училишта
-Едукација за здравствена заштита
-Булингот не е другарство
-Социјални мрежи,сериозна закана

6.ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ И ПОКАЗАТЕЛИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА

7. ФИНАНСИРАЊЕ

**1.ВОВЕД**

*Законски рамки според кои се подготвува Програмата:*

- Закон за локалната самоуправа;
- Закон за социјална заштита и здравствена заштита;
- Статутот на Општина Пехчево;

*Стратегиски документи:*

- Национална програма за развој на здравствената и социјална заштита

*Начела врз кои се заснова здравствената и социјалната заштита се:*

1. Здравствена ,социјална праведност и солидарност за секој поединец;
2. Давање посебна заштита на немоќни лица и лица со посебни потреби, за работа;
3. Посебна грижа и заштита на семејството и на децата без родители и родителска грижа;
4. Давање посебна здравствена и социјална заштита на деца со посебни потреби;
5. Давање на посебна нега и заштита на стари и изнемоштени лица.

Со имплементацијата на законите од областа на здравствената и социјалната заштита што важат во Република Северна Македонија, Општина Пехчево изготви План и Програма, со која ќе се овозможи обезбедување социјална заштита за своите граѓани, преку поблиска комуникација, а со тоа ќе се реализираат сите побарувања, преку најразновидни форми и облици на социјални активности, според потребите на граѓаните што живеат во нашата Општина.

Со оваа Програма ќе се унапреди системот на здравствена и социјална заштита на локално ниво, а доколку има недостатоци истата ќе биде надополнета во интерес на граѓаните.

**2. МЕТОДОЛОГИЈА И НАЧИН НА ПОДГОТОВКА НА ПРОГРАМАТА**

Проектите што се содржани во Програмата се подготвени во координација на здравствени работници од Јавната Здравствена Установа „ Д-р Иван Георгиев“ во општина Пехчево, вработени во Подрачното Министерство за труд и социјална политика , претставниците од Советот на Општина Пехчево, директори на ОЈУДГ „7 Септември“ - Пехчево и Општинското основно училиште „Ванчо Китанов“ – Пехчево, административни службеници од Одделението за општи, правни работи и јавни дејности и Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР. Резултатите и препораките од ова истажување се имплементирани во Програмата.

## 3.ЦЕЛНИ ГРУПИ И КРАЈНИ КОРИСНИЦИ

Целни групи опфатени со Програмата за здравствена и социјална заштита на Општина Пехчево за 2023 година:

-лица со инвалидност и попреченост;
-деца/млади без родители и родителска грижа;
-деца/млади со воспитно-социјални проблеми;
-деца/млади од еднородителски семејства;
-лица изложени на социјлен ризик;
-лица што употребуваат дроги, други психотропни супстанции и алкохол;
-лица жртви на каква било форма на насилство и трговија со луѓе;
-невработени лица, лица од различни етнички заедници;
-самохрани родители;
-стари и изнемоштени лица;
-трговија со луге ( најчеста застапена во проституцијата без оглед на полот );

Проблемите кои настануваат кај горенаведените групи на граѓани кои се како целни групи на оваа Програма, а воедно и крајни корисници можат да се решат и искоординираат преку:

-вонинституционални и институционални облици на социјална заштита;
-збринување на стари ,осамени и изнемоштени лица во домови за стари лица;
-подигнување на свеста на населението преку едукација;
-и потребите за обезбедување на здравствена и социјална заштита на деца;

## 4.ОСНОВНА ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Основни начела и принципи во системот на здравствена и социјална заштита и врз кои се заснова социјалната и здравствената праведност и солидарност, е да бидат подеднакви за секој еден поединец со ставање на акцент на:

- посебна заштита на немоќни и лица со посебни потреби, за работа;
- посебна грижа и заштита на семејството и на децата без родители и родителска грижа;
- деца со посебни потреби;
- стари и изнемоштени лица;
- носители на социјална заштита на Република Северна Македонија, Општина Пехчево и сите институции кои се инволвирани во целата проблематика.

Во развојот и унапредувањето на мрежата на социјални и здравствени услуги во процесот на деинституционализација и реализирање на програмите за социјална и здравствена заштита, неопходно од страна на општината е:

- да ја развива и да ја јакне соработката меѓу владините и невладините институции, што вршат работи во областа на социјалната и здравствената заштита;

- да донесува развојни програми од областа на социјалната и здравствената заштита;
- да развива сервисни услуги и форми на вонинституционална заштита, центри за дневно и повремено прифаќање на мали групни домови, развивање мрежа за згрижувачки семејства и многу други активности;
- основање јавни установи за социјална и здравствена заштита;
- развивање вонинституционални форми за социјална заштита;
- развивање социјални и здравствени програми во соработка со другите сегменти на јавниот сектор, приватниот сектор и со невладините организации;

Општина Пехчево се стреми да ја развива и унапредува здравствената и социјалната заштита, при што на своите граѓани ќе им помогне во обезбедување на здравствена, социјална помош и услуга кога тие не се во можност самостојно да ја остварат својата здравствена и социјална сигурност.

Вредноста на оваа програма се темели врз принципите на здравствена и социјална заштита на населението и заштита на деца преку:

- давање услуги, што во најголема мера се усогласени со потребите на корисниците при што се почитуваат законите на здравствена и социјална заштита и законите за човековите права и достоинство;

- обезбедување услови и услуги за да може граѓаните приоритетно да ги задоволуваат своите потреби во средината во која живеат, на локално ниво;

Здравствената и социјалната заштита како дејност од јавен интерес се од големо значење за граѓаните на Република Северна Македонија, бидејќи со неа се формира системот на политички мерки и активности со кои треба да се спречат и надминат речиси сите социјални ризици на кои се изложени граѓанините. Темел на

социјалната заштита и здравствената заштита е навремена ,ефективна и транспарентна здравствена и социјална заштита со квалитетни мерки и услуги креирани според потребите на граѓаните на општина Пехчево.

Целта на програмата е реализација на активности за заштита на децата, правото на секое дете да се вклучи во институционален облик на воспитно-образовната работа, притоа задоволувајќи ги нивните развојни потреби, потребите на семејството и општеството во целина.

Реализирањето на Програмата ќе се спроведе со низа активности од различни области во рамките на социјалната, здравствената и детската заштита, одредени во Програмата.

*Специфични цели/приоритети*

- Унапредување на работата со корисниците во насока на зајакната партиципација, вклученост во планирање и во донесување одлуки, зајакнување и искористување на нивните потенцијали;
- Зајакнување на вонинституционалната заштита преку развивање на постојните и воведување нови видови социјални и здравствени услуги во согласност со потребите на граѓаните, како и унапредување на начините за обезбедување и нивно доставување;
- Продолжување на веќе започнатите процеси на децентрализација, плурализација и деинституционализација во социјалната заштита;
- Посета на сите деца од предучилишна возраст во јавна установа во најблиската околина;
- Развивање свест за општествена одговорност кај децата преку здобиени основни знаења, вештини и навики активно вклучувајки ги во општествениот живот, развивање смисла на естетските вредности, градење правилен однос кон животната средина;
- Да се стремиме за поквалитетно згрижување, воспитание и образование, преку стимулативни услови за развој на детето и развивање на неговите позитивни страни и творечки потенцијали;
- Развивање на капацитетите на децата преку детско воспитание и образование, пред сѐ, раководејќи се според принципите на Програмата за рано учење и развој;
- Подготовка на детето со цел да му се овозмози самостојно да го искаже своето мислење околу неговите културни ,еколошки,креативни способности кои мисли дека ги поседува, а сепак да се ипочитува и мислењето на стручните кадри кои можат да му укажат каде може да се пронајде во изборот на неговото образование;
- Почитување и вреднување на трудот на стручните тимови што работат на унапредување на квалитетот, како на згрижувачката, така и на воспитно-образовната работа со децата;

*Одговорни сектори и одделенија*

- Одделение за општи, правни работи и јавни дејности;
- Одделение за Локален економски развој;
- Одделение за финансиски прашања;

**5.ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ НА ПРОГРАМАТА**

*Проекти:*

1. **Доделување на парична помош за новороденче и првородено дете во календарската година – седства предвидени во буџетот на Општина Пехчево за 2024 година;**

**Опис на активноста:** Во рамките на своите активности Општина Пехчево оваа година овозможи реализација на остварувањето на правото за користење парична помош за новороденче и првородено дете во календарската година. Паричната помош изнесува 5.000 денари за новородено дете и 6.000 денари за првородено дете во календарската година.

Барањето за користење на оваа помош и потребната документација се поднесуваат во архивата на Општина Пехчево.

Право на доделување парична помош се остварува за секое новороденче и за секое првородно дете во календарската година.

Со ова продолжува позитивниот тренд, секое семејство што ќе добие принова и го исполнува критериумот да се жители на Општина Пехчево, да добие парична помош за новороденче. Со оваа активност Општина Пехчево покажува дека се грижи за најмладите жители и им дава првична поддршка на родителите. На овој начин не само што се помагаат семејствата со принова, туку Општината добива и евиденција за новородените деца на нејзина територија на годишно ниво. Со оглед на фактот дека оваа активност се реализираше и во претходните неколку години, може да се утврди и дали постои тренд на пораст или на намалување на бројот на новородени деца во локалната самоуправа. Исто така, увидот во бројот на новородени деца на годишно ниво е од голема придобивка и за детските градинки на територијата на Општината бидејќи на тој начин и тие може да го планираат опфатот на деца за секоја календарска година.

**Целни групи:** Родителите и нивните новородени деца;

**Време на реализација:** Континуирано во текот на 2024 година;

**Реализација:** Одделение за финансиски прашања и Одделението за општи, правни работи и јавни дејности;

**Очекувани резултати:**

- исплатена парична помош за младите семејства што имаат нов член или членови во семејството;
- евиденција на новородени деца во Општина Пехчево на годишно ниво;
- детските градинки што се на територија на Општина Пехчево ќе може да го планираат опфатот на деца за секоја календарска година;

**Буџет: 100.000,00 денари**

**2. Помош и нега на стари и изнемоштени лица**

**Опис на активноста:** Според статистиката дека во Општина Пехчево поголем број од населението се граѓани на возраст над 60 години, разбирлива е и потребата на Општината да реализира активности што конкретно ќе се од корист на оваа популација на граѓани.

Во согласност со активностите предвидени во Националната стратегијата за стари лица, потребно е да се обезбеди континуирана грижа за стари лица во следниве сегменти:

- Дневно одржување на лична хигиена и хигиена на домот во кој живат старите лица;
- Чистење на просторот каде живее лицето, миење на прибор за јадење , хигиена на постелнината за спиење , хранење на болниот доклку тоа е потребно и снабдување на потребните лекови кои негуваните лица ги користат;
- Дневно опслужување на основните потреби на овие граѓани;
- Аплицирање на лекови преку уста, капки, креми, облози, гелови;
- Обезбедување примарна медицинска помош и медицински совети, декубити, мерење на гликемија, мерење на виталните знаци ( плус , крвен притисок и дишење );
- Едукативни предавања кои ќе им бидат од корист на старите и изнемоштени лица и лица со хронични болести од типот на: дијабет, покачен крвен притисок, тромбоза, хоб, срцева слабост;

Многубројните теренски истражувања покажаа дека има огромна потреба од реализирање на оваа активност, а во согласност со тоа и побарувачка за негуватели за стари лица во домашни услови од семејствата во Општина Пехчево, земајќи ги во предвит и околните села. Главни предизвици со кои секојдневно се соочуваат старите лица се: неможност да ги извршат секојдневните активности поради старост, неподвижност и болест, влошена здравствена состојба и немање асистенција при посета на лекар, немање помош и поддршка при снабдување на основните прехранбени производи, немање средства за ангажирање негувател во домашни услови и сл.

Имајќи ги предвид сите овие информации и ситуацијата во која се наоѓаат старите лица, Општина Пехчево им нуди помош и поддршка на најзагрозените лица со предвиден проект „Грижа на стари и изнемоштени лица во домашни услови“, финансиран преку Министерството за труд и социјална политика и Општина Пехчево, за да се опфатат стари лица/корисници на кои тоа навистина им е потребно (станува збор за променлива бројка заради специфичноста на категоријата корисници) што би ги добивале следниве услуги:

- помош во извршувањето на секојдневните активности (купување, подготовка на храна, одржување на просторот, лична хигиена, кај изнемоштените стари лица ќе се врши и утринска и делумна тоалета);
- обезбедување основна помош во мобилност, лесни масажи, физички вежби, раздвижување
- задачи од медицински аспект (носење на здравствени прегледи, контрола на крвниот притисок, набавка на лекови и водење грижа за навремено земање на терапијата);

• психосоцијална поддршка (помош во исполнувањето на социјални, културни, забавни и други потреби, одржување социјални контакти и соодветни активности во локалната заедница);

Со проектот се планира ангажирање на следниов персонал: 15 обучени негователи и еден физиотерапевт. Во тимот ќе биде вклучен и социјален работник што ќе води евиденција за досиејата на сите корисници и ќе биде задолжен за подготвување индивидуален план за работа на негувателите.

Работното време на негователите ќе биде организирано од понеделник до сабота само во прва смена и најдоцна до 16 часот. Предвидено е секој неговател во текот на денот да оствари посета на тројца корисници кај кои ќе биде по два часа. Секој корисник ќе биде посетен по трипати во неделата по два часа.

Во рамките на проектот предвидено е да биде вклучен и физиотерапевт што остварува посети кај корисниците (во согласност со нивните потреби и состојбата во која се наоѓаат) два пати во неделата по еден час ,во договор со корисникот. Физиотерапевт ќе добијат само оние корисници што имаат потреба од тоа, според лекарски наод и со потврда од социјалниот работник дека на терен има реална потреба за тоа. Дали корисникот ќе има потреба од неговател и физиоетрапевт во исто време, заклучокот ќе го донесе лекарот, во зависност од здравствената состојба на пациентот. Тоа може да се одлучи според приоритетните потреби

**Целни групи:**

- невработени лица што се здобиле со сертификат за неговател во домашни услови;
- стари лица што се опфатени со проектот и нивните семејства како крајни корисници;

**Очекувани резултати:** Подобри услови за квалитетен живот и достоинствено стареење;

**Време на реализација:** Континуирано во текот на цела година;

**Реализатор:** Одделение за финансиски прашања, Одделение за општи, правни работи и јавни дејности;

**Буџет: 100.000,00 денари**

### 3. Право на финансиска помош и поддршка на жители на Општина Пехчево

**Опис на активноста:** Остварувањето на ова право на финансиска помош е регулирано со Правилникот за постапката за остварување право на финансиска помош и поддршка на жители на Општина Пехчево, со кој се утврдуваат условите, начинот и постапката за користење финансиски средства што се наменети за остварување право на финансиска помош и поддршка на жители на Општина Пехчево, кои се предвидени во Програмата за здравствена, социјална заштита и заштита на деца, кои се нашле во акутен социјален ризик.

За утврдување на постапката и остварување на правото на финансиска помош и поддршка, надлежна е Комисијата за заштита на пациентите при Советот на Општината.

Право на користење на овие финансиски средства имаат физички лица што се жители на Општина Пехчево, кои припаѓаат на социјално загрозените групи, а ги исполнуваат следниве критериуми:

- за здравствен проблем лицето треба да достави доказ/сметки за направени трошоци за лекување за последните три (3) месеци од денот на поднесувањето на барањето;
- за помош при лекување заедно со барањето се доставува уредна документација што не е постара од шест (6) месеци;
- за помош на еднородителски семејства во социјален ризик треба да се достави (во зависност од ситуацијата): извод од Матична книга на родените, извод од Матична книга на умрените - за родител, доказ од Министерството за внатрешни работи дека родителот е исчезнат и/или доказ од Министерството за правда дека лицето издржува затворска казна подолго од шест (6) месеци;

и притоа да ги исполнува доленаведените услови:

- подносителот на барањето да има адреса на живеење во Општина Пехчево;
- подносителот на барањето може да го оствари правото на финансиска помош и поддршка само еднаш во текот на календарската година.

Распределбата на финансиските средства се одвива на квартално ниво, почитувајќи го принципот на солидарност, во зависност од расположливите средства во Буџетот за кварталниот период. Притоа, максималниот износ што може да го одобри Комисијата за заштита на пациентите (надлежна за разгледување на овие пристигнати барања), и Советот на Општина Пехчево, по одобрено барање, нема да биде повисок од 50% од вкупната вредност на направените трошоци во денари.

**Целни групи:**

- корисници на социјална парична помош што се со постојано живеалиште на територија на Општина Пехчево;
- жители на Општината со влошен социјален статус;
- жители на Општината што имаат влошена или загрозувачка здравствена состојба;

**Период на реализација:** Во текот на цела календарска година;

**Реализатор:** Комисијата за заштита на пациентите, Одделение за општи, правни работи и јавни дејности, Одделение за финансиски прашања;

**Буџет: 300.000,00 денари**

**4. Инклузија на деца Роми во Јавните образовни установи – детски градинки во Општина Пехчево**

**Опис на активноста:** Станува збор за проект што се реализира во соработка со Министерството за труд и социјална политика, детските градиники во нашиот случај ОЈУДГ „7 Септември“ – Пехчево и општините, односно Општина Пехчево, а се однесува на инклузија на деца Роми .

Целта на проектот е подобрување и поддршка на интеграцијата и намалување на запоставеноста на децата Роми со зголемување на нивниот број во јавните општински установи една година пред поаѓање во основно училиште.

Имајќи ја предвид важноста на процесот на интеграција на децата во образовниот систем и неговото влијание врз нивниот личен и социјален развој, Општина Пехчево ќе се вклучи во проектот преку покривање на трошоците за партиципација за престој на дечиња ( Роми ) во детската градинка.

Предвидено е овој проект да се спроведува во детската градинка ОЈУДГ „7 Септември“ - во Општина Пехчево и во 2024 година со него ќе бидат опфатени 20 деца од ромска националност што се жители на Општината.

**Целна група:** Максимум 20 деца од Ромска националност што се жители на Општина Пехчево;

**Очекувани резултати:** Максимум 20 деца Роми интегрирани во предучилишното образование;

**Реализатор:** Министерството за труд и социјална политика, Општина Пехчево ( Одделението за општи, правни работи и јавни дејности и Одделението за финансиски прашања ), ОЈУДГ „7 Септември“ – Пехчево;

**Период на реализација:** Во континуитет во текот на 2024 година;

**Буџет: 50.000,00 денари**

**5. Одбележување на светскиот ден на здравата храна – 16 Октомври**

**Опис на активноста:** Светскиот ден на храната е меѓународен ден за акција против гладот што на 16 октомври се одбележува секаде низ светот, при што се реализираат различни активности со кои се развива свеста за значењето на храната, како природен извор на енергија и здравје.

Ако се земе предвид придобивката од консумирањето здрава храна и од формирањето здрави навики уште од најмали нозе, цел на овој настан е информирање и стекнување знаења и формирање соодветно однесување во однос на здравите и правилните навики во исхраната, особено кај децата и кај младите, а со тоа индиректно и кај пошироката популација.

Со разновидни креативни активности и работилници за предучилишна возраст, цела недела во октомври од страна на децата и вработните во детската градинка ОЈУДГ „7 Септември“ – Пехчево, ќе се одбележува Светскиот ден на здравата храна, а на самиот ден ќе се презентираат реализираните креативните активности преку веб и фан-страницата на Општината. Исто така лице од здравствен дом Пехчево ќе одржи едукативни предавања за тоа што е здрава храна и колку е таа значајна за нашето здравје.

**Целни групи:** Децата од детската градинка „7 Септември“ – Пехчево;

**Очекувани резултати:** Децата од предучилишна возраст учат и се информираат што треба да се јаде, што е здрава храна, кои се правилните и здравите навки во исхраната и како таа влијае врз здравјето на луѓето; особено да се уочи придобивката од консумирањето здрава храна во период на вонредни здравствени услови на глобално ниво.

**Период на реализација:** Октомври 2024 година.

**Буџет**: **0,00 денари**

**6. Обезбедување на здравствена заштита на децата во предшколска и школска возраст**

**Основна цел на оваа активност** е одржувањето на постојана контрола на психичкиот, физичкиот и менталниот развој на децата од овие возрасти преку систематски прегледи од страна на стручни кадри од обласа на нивната специјалност и тоа :

- офтолмолошки преглед;
- ортопедски преглед;
- стоматолошки преглед;
- лабораториски преглед;

Пожелно е преку овие стручни кадри да се направи и една едукација на децата која ќе биде подготвена и прилагодлива за нивната возраст, а со тоа ќе се појасни која е вредноста на нивното здравје и на кој начин е потребно да се негува истото. Дополнителна едукацијата кај оваа група на деца од страна психолозите и педагози е многу значајна затоа што преку таквите едукации ќе може да се допре до психичкиот развој на децата се со цел да се заштитат истите од емоционална криза, психолошки стрес, психосоцијален стрес, животни трауми, фрустрации на конфликт, булинг, мобинг, дискриминација ( полова, расна, сексуална орјентација, социјална, религиозна и дискриминација според успехот) . Исто така од големо значење е посетата на децата од предшколска возраст од страна на логопед за навремено откривање на проблемите со говорот. Ангажирањето на дефектолог за децата со атипичен развој е исто така од големо значење за потребата од професионален пристап кон оваа група на деца, бидејки нивната професионалност има друг пристап за менаџирање на настава и контакт со овие деца.

**Целни групи:** Децата од предшколската и школската возраст ( градинка,основно и средно училиште во општина Пехчево ).

**Очекувани резултати**: Навремено откривање на било кој здравствен, психолошки и ментален проблем кај децата и навреме одпочнување со третман и лекување.

**Реализатор:** ЈЗУ „Здравствен дом Иван Георгиев“ - Пехчево, ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи, Општина Пехчево.

**Период на реализација:** Во континуитет

### *6.1. Офталмолошки преглед за деца во детска градинка и за децата од прво, второ и третто одделение*

Специјалистички офталмолошки преглед треба да се направи пред детето да тргне во училиште затоа што е особено важно навременото детектирање и коригирање на проблемите со видот бидејќи тоа може да му влијае врз физичкиот и интелектуалниот развој во учењето, во приспособувањето во училиште, како и во спортско-рекреативните активности. Специјалистичкиот очен преглед е особено важен за децата бидејќи за олеснето учење потребни се следниве вештини поврзани со видот:

- Добар вид на близина и далечина;
- Просторна координација;
- Способност правилно да се движат и да се фокусираат очите;
- Координација око - рака.

Особено е важно рано да се уочат проблемите со видот и други болести поврзани со окото кај децата бидејќи навреме ќе се превенира и решава секој постоечки проблем, а со тоа ќе се овозможи полесно совладување и вклопување на секое дете во наставата.

**Целни групи:** Децата од детскта градинка ОЈУДГ „7 Септември“ – Пехчево и дел на децата од прво, второ и третто одделение од ООУ „Ванчо Китанов“ - Пехчево.

**Очекувани резултати:** Децата во ОЈУДГ „7 Сепември“ – Пехчево ќе бидат прегледани во текот на престојот во градинката барем еднаш годишно. И пред да тргнат во училиште со што ќе добијат потврди за запишување во училиште, а овие прегледи ќе претставуваат и олеснување за родителите од финансиски аспект.

**Реализатор:** Одделение за општи, правни работи и јавни дејности и ЈЗУ Здравствен дом „Иван Георгиев“ – Пехчево.

**Период на реализација:** Почетокот на учебната година и второто полугодие од учебната година ( двапати годишно).

**Буџет: 0,00 денари**

### *6.2 Дејствувај за подобри орално здравје*

Оралното здравје или „Здравата уста“ е од суштинско значење за да се задржи правилното функционирање на организмот и севкупното здравје и квалитет на животот.

Оралното здравје претставува здравје на оралните ткива и на ткивата што се поврзани со нив и овозможува лицето да ги извршува сите функции без никакви знаци на болест, непријатности или пречки. Со стоматолошката заштита се спречува настанување на орални заболувања или прогресија на веќе постојните заболувања на оралните ткива.

Основна цел на посветувањето на оралното здравје, е да се подигне свеста, како и да се поттикнат семејството и заедницата да преземат мерки за намалување на штетните последици што ги предизвикуваат оралните болести. Преку оваа активност децата ќе научат како правилно се четкаат забите, како се одржува оралната хигиена и колку е важно оралното здравје. Особено е важна грижата за оралното здравје во најрана возраст, кога се усвојуваат навиките. Оралните болести претставуваат проблем за децата и влијаат врз квалитетот на нивниот живот и целокупното здравје. Оралното здравје е многу повеќе од убава насмевка.

**Целни групи:** Децата од детската градинка ОЈУДГ „7 Септември"во Општина Пехчево.

**Очекувани резултати:** Децата ќе научат што значи хигиена на оралното здравје, како правилно се четкаат забите, колку здравата храна придонесува за здрави заби и др. Тоа придонесува за зголемена информираност на децата и стекнување знаења за здравите и правилните навики.

**Реализатор:** Одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР и ЈЗУ Здравствен дом „Иван Георгиев" – Пехчево.

**Период на реализација**: Во континуитет.

**Буџет: 0,00 денари**

### *6.3 Редовни ортопедски прегледи за навремено откривање деформитети*

Редовните прегледи уште од најрана возраст имаат големо значење за раното откривање на деформитет.

Популацијата од најмала возраст, па се до 18 години најчесто се соочува со деформитети на стапалото, колкот и рбетот. Годишно се прават околу 7.000 прегледи на деца, некаде од 500 до 800 неделно што е една прилично голема бројка која што укажува на превенцијата на детската возраст во периодот на нивниот развој. Од сите овие деформитети за околу 10% од нив најчесто се вршат оперативни зафати на Клиниката за ортопедија во клиничкиот центар за да тие деформитети се корегираат. Годишно во Клиниката за ортопедски болести, како што информира, се прават околу 160 операции кај мали деца.

**Целни групи:** Децата од детската градинка ОЈУДГ „7 Септември" – Пехчево и децата од ООУ „Ванчо Китанов" – Пехчево ( учениците од прво одделение).

**Очекуванин резултати:** Навремено откривање и превинирање на деформитетите кај децата.

**Реализатор:** ЈЗУ Здравствен дом „Иван Георгиев" – Пехчево и Општина Пехчево.

**Период на реализација:** На почетокот на учебната година.

**Буџет: 60.000,00 денари**

### 6.4 Лаборатоиски анализи

Кои, зошто и што значат резултатите?

Причини за барање на одредена лабораториска анализа:

1. Дијагноза;
2. Мониторирање (на пример следење на одредена терапија);
3. Скрининг;
4. Научно-истражување (за да ги разбереме патофизиолошките процеси на одредено заболување);

**Целна група:** Децата од ОЈУДГ „7 Септември" – Пехчево, ООУ „Ванчо Китанов" - Пехчево и дисперзираните паралелки на средното училиште „Ацо Русковски" од Берово во Пехчево.

**Очекувани резултати:** Навремено откривање односно дијагностицирање, мониторирање и превенирање на болеста доколку ја има.

**Реализација:** ЈЗУ Здравствен дом „Иван Георгиев" – Пехчево.

**Период на реализација:** На почетокот на учебната година.

**Буџет: 0,00 денари**

## 7. **Едукативни активности за прва помош на вработените во ОЈУДГ „7 Септември" – Пехчево, ООУ „Ванчо Китанов" – Пехчевои дисперзираните паралелки на средното училиште „Ацо Русковски" од Берово во Пехчево**

Предвидено е оваа активност да се реализира во соработка со Црвен крст на Општина Берово се со цел, наставниците, воспитувачките, негувателките, и другиот стручен кадар во детската градинка ,основното и

дисперзираните паралелки на средното училиште да се здобие со знаења и вештини за соодветно и навремено постапување во ургентни ситуации, односно давање прва помош, пред сѐ, на децата. Обуката ќе даде осврт на предавањата и на практичните вежби на релевантни теми, на пример, реанимација, згрижување при задушување, повреди на главата, грчеви, алергиски реакции и труења.

Со овој проект ќе се зајакне капацитетот на градинката, основното и дисперзираните паралелки на средното училиште, како една од првите алки во синџирот на ургентна медицина - да постапуваат адекватно во ургентни ситуации. Главна цел на активноста е учесникот да стекне знаења, вештини и компетенции за примена на основните техники при давање прва помош за да се зачува животот на повреденото лице преку отстранување на причината што може да доведе до смрт (престанок на дишењето, престанок на работата на срцето, крвавење, состојба на изгубена свест, состојба на шок, повреди на тврди и меки ткива, труење), да се спречат можни компликации, да се намалат болката и стравот и да се подобри општата состојба на повредениот, се додека истиот не биде прифатен до моментот на стручен медицински тим .

**Целни групи:** Вработените во детската градинка, основното и дисперзираните паралелки на средното училиште во Пехчево.

**Очекувани резултати:** Стекнати искуства, знаења и вештини за давање прва помош и постапување во ургентни ситуации, овозможена поголема безбедност на децата во детските градинки**,** интервенирање навреме и спасување живот.

**Реализатор:** Одделение за општи, правни работи и јавни дејности, Одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР, Црвен крст на Општина Берово.

**Период на реализација:** Континуирано.

**Буџет: 0,00 денари**

**8. Едукација за здравствена заштита**

Предвидено е оваа активност да се реализира во соработка со Црвен крст на Општина Берово, со цел децата да се здобијат со знаења во врска со здравствената заштита. Главна цел на овој проект е децата уште од најрана возраст да стекнат навики за важноста на личната хигиена, како да се заштитат за време на пандемија и друго. Целта е запознавање со здравствената заштита уште од најрана возраст, како и подигнување на свеста на семејствата и заедницата за важноста на здравствената заштита.

**Целни групи:** децата од детската градинки во Општина Пехчево.

**Очекувани резултати:** Со оваа активност децата ќе научат што е значи хигиена, поголема информираност на децата за здравствената заштита.

**Реализатор:** Одделение за општи правни работи и јавни дејнсоти, Одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животнта средина и ЛЕР**,** Црвен крст на Општина Берово.

**Период на реализација:** Во континуитет.

**Буџет: 0,00 денари**

**9 „Булинг не е другарство“**

Булингот како негативно искуство треба и мора да се препознае во вистинско време, со цел да се преземат мерки и активности со кои би се заштителе децата од натамошни непријатни искуства и доживувања што го попречуваат развојот на детето во стабилна и успешна личност.

Проектот „Булингот не е другарство“ се состои од неколку фази:

**Прва фаза:** Изработка на платформа за препознавање на булингот и поставување на протокол и мерки за спречување на оваа појава, изработка на прирачници наменети за учениците во основните училишта: „Како да го препознаам булингот“, „Како против булингот“.

**Втора фаза:** Претставување на прирачникот од психолози и педагози (преку часови што би се одржувале на платформата за далечинско учење);

**Трета фаза:** Преку ликовни или литературни творби на тема „Стоп Булинг“ децата да ги искажуваат своите ставови и мислења за спречување на булингот (фаза во која ќе учествуваат педагози и психолози);

**Четврта фаза:** Изработка на флаери и постери;

**Целни групи:** Учениците од ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево,7,8,9 одделение.

**Очекувани резултати:** Намалување на врсничкото насилство (физичко или психичко);

**Реализатор :** Одделение за општи, правни работи и јавни дејности при Општина Пехчево, психологот, педагогот од ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево и социјален работник од ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи

**Период на реализација:** Октомври-Јуни 2024 година

**Буџет: 5.000,00 денари**

**10.Закана од социјалните мрежи**

Целокупната ситуација во која се наоѓаме поради пандемијата и ограничувањата при социјалната интеракција на младите, мора да ја согледаме опасноста што постои од прекумерна употреба на социјалните мрежи.. Преку зголемување на свесноста кај децата мора да работиме на заштитата од злоупотреба на личните податоци, личните фотографии и видеа.

Овој проект ќе биде раководен од педагогот и психологот во ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево, а ќе се организираат и предавања од експерти за оваа област.

Првиот дел од проектот ќе биде насочен кон тоа како секој ученик да се заштити себеси, што смее и што не смее да се објавува на социјалните мрежи, препознавање на злоупотребата, а вториот дел од проектот ќе се насочи кон тоа како да се постапи при злоупотреба и кои мерки треба да се преземат.

**Целни групи:** Учениците од ООУ „Ванчо Китанов“ - Пехчево

**Очекувани резултати:** Подигната свесноста кај децата за опасноста од социјалните мрежи и начини за нивна заштита.

**Реализатор:** Одделение за општи правни работи и јавни дејности, педагогот и психологот од ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево и социјален работник од ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи.

**Буџет: 5.000,00 денари**

**11. Подигање на свеста за имунизација кај новородените деца од април 2023 до април 2024 година**

Оваа активност се реализира веќе 10 години во соработка со НВО КХАМ Делчево. Заеднички се посетуваат семејствата на новородени деца од април 2023 до април 2024 година заедно со патронажна сестра од Здравствениот дом „Д – р Иван Георгиев“ – Пехчево при што се работи на подигање на свеста за позитивните ефекти од имунизацијата кај новородените деца.

**Целни групи:** Децата родени од април 2023 година до април 2024 година.

**Очекувани резултати:** Подигната јавната свест кај населението за позитивните ефекти од имунизацијата на децата.

**Реализатор:** Општина Пехчево – Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР и НВО КХАМ – Делчево ( сега Организација жена – Делчево ).

**Буџет: 20.000,00 денари**

## 6.ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ И ПОКАЗАТЕЛИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА

1. Инклузија на сите деца во предучилишниот образовен процес;
2. Унапреден систем за социјална и здравствена заштита на локално ниво;
3. Инклузија на граѓаните од ранливите категории;
4. Услуги достапни за граѓаните од ранливите категории на локално ниво;
5. Еднакви можности за сите социјални категории;
6. Безбедна средина за учење и дружење;

## 7. ФИНАНСИРАЊЕ

| Реден број | Марки/Активности | Очекувани резултати | Надлежни институции | Временска рамка | Буџет | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Доделување на парична помош за новороденче и прворoccодено дете во календарската година – седства предвидени во буџетот на Општина Пехчево за 2024 година | Исплатена парична помош за младите семејства што имаат нов член или членови во семејството;<br><br>Евиденција на новородени деца во Општина Пехчево на годишно ниво;<br><br>Детските градинки | Општина Пехчево | 2024 | 100.000,00 ден. | Општина Пехчево |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | што се на територија на Општина Пехчево ќе може да го планираат опфатот на деца за секоја календарска година; | | | | |
| 2. | Помош и нега на стари и изнемоштени лица | Подобри услови за квалитетен живот и достоинствено стареење; | Општина Пехчево<br><br>Црвен крст<br><br>Министерство за труд и социјална политика<br><br>Агенција за вработување | 2024 | 100.000,00 денари | Општина Пехчево<br><br>Министерство за труд и социјална политика |
| 3. | Право на финансиска помош и поддршка на жители на Општина Пехчево | Подобри услови за квалитетен живот за жителите на Општина Пехчево | Општина Пехчево<br><br>Совет на Општина Пехчево<br><br>Комисија за заштита на пациентите | 2024 | 300.000,00 денари | Општина Пехчево |
| 4. | Инклузија на деца Роми во Јавните образовни установи – детски градинки во Општина Пехчево | Максимум 20 деца Роми интегрирани во предучилишното образование; | Општина Пехчево<br><br>ОЈУДГ „7 Септември“ – Пехчево<br><br>Министерство за труд и социјална политика | 2024 | 50.000,00 денари | Општина Пехчево<br><br>ОЈУДГ „7 Септември“ – Пехчево<br><br>Министерство за труд и социјална политика |
| 5. | Одбележување на светскиот ден на здравата храна – 16 Октомври | Децата од предучилишна возраст учат и се информираат што треба да се јаде, што е здрава храна, кои се правилните и здравите навки во исхраната и како таа влијае врз здравјето на луѓето; особено да се уочи придобивката од консумирањето | Општина Пехчево<br><br>ОЈУДГ „7 Септември“ – Пехчево | Октомври 2024 | 0,00 денари | Општина Пехчево<br><br>ОЈУДГ „7 Септември“ – Пехчево |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | здрава храна во период на вонредни здравствени услови на глобално ниво. | | | | |
| 6. | Обезбедување на здравствена заштита на децата во предшколска и школска возраст | Навремено откривање на било кој здравствен, психолошки и ментален проблем кај децата и навреме одпочнување со третман и лекување. | ЈЗУ „Здравствен дом Иван Георгиев“ - Пехчево,<br><br>ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи<br><br>Општина Пехчево. | Во континитет 2023 | / | Општина Пехчево<br><br>ЈЗУ „Здравствен дом Иван Георгиев“ - Пехчево |
| 6.1 | Офталмолошки преглед за деца во детска градинка и за децата од прво, второ и третто одделение | Децата во ОЈУДГ „7 Сепември“ – Пехчево ќе бидат прегледани во текот на престојот во градинката барем еднаш годишно. И пред да тргнат во училиште со што ќе добијат потврди за запишување во училиште, а овие прегледи ќе претставуваат и олеснување за родителите од финансиски аспект | Општина Пехчево<br><br>ЈЗУ „Здравствен дом Иван Георгиев“ - Пехчево | Почетокот на учебната година и второто полугодие од учебната година (двапати годишно). | 0,00 денари | Општина Пехчево<br><br>ЈЗУ „Здравствен дом Иван Георгиев“ - Пехчево |
| 6.2 | Дејствувај за подобри орално здравје | Децата ќе научат што значи хигиена на оралното здравје, како правилно се четкаат забите, колку здравата храна придонесува за здрави заби и др. Тоа придонесува за зголемена информираност на децата и | Општина Пехчево<br><br>ЈЗУ „Здравствен дом Иван Георгиев“ - Пехчево | Во континуитет 2024 | 0,00 денари | Општина Пехчево<br><br>ЈЗУ „Здравствен дом Иван Георгиев“ - Пехчево |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | стекнување знаења за здравите и правилните навики. | | | | |
| 6.3 | Редовни ортопедски прегледи за навремено откривање деформитети | Навремено откривање и превинирање на деформитетите кај децата. | Општина Пехчево<br><br>ЈЗУ „Здравствен дом Иван Георгиев“ - Пехчево | На почетокот на учебната година 2024 | 60.000,00 денари | Општина Пехчево<br><br>ЈЗУ „Здравствен дом Иван Георгиев“ - Пехчево |
| 6.4 | Лабораотиски анализи | Навремено откривање односно дијагностицирање, мониторирање и превенирање на болеста доколку ја има. | ЈЗУ „Здравствен дом Иван Георгиев“ - Пехчево | На почетокот на учебната година 2024 | 0,00 денари | ЈЗУ „Здравствен дом Иван Георгиев“ - Пехчево |
| 7. | Едукативни активности за прва помош на вработените во ОЈУДГ „7 Септември“ – Пехчево, ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчевои дисперзираните паралелки на средното училиште „Ацо Русковски“ од Берово во Пехчево | Стекнати искуства, знаења и вештини за давање прва помош и постапување во ургентни ситуации, овозможена поголема безбедност на децата во детските градинки**,** интервенирање навреме и спасување живот. | Општина Пехчево<br><br>Црвен крст на Општина Берово | Континуирано во 2024 | 0,00 денари | Општина Пехчево<br><br>Црвен крст на Општина Берово |
| 8. | Едукација за здравствена заштита | Со оваа активност децата ќе научат што е значи хигиена, поголема информираност на децата за здравствената заштита**.** | Општина Пехчево<br><br>Црвен крст на Општина Берово | Континуирано во 2024 година | 0,00 денари | Општина Пехчево<br><br>Црвен крст на Општина Берово |
| 9. | „Булинг не е другарство“ | Намалување на врсничкото насилство (физичко или психичко); | Општина Пехчево<br><br>ОЈУДГ „7 Септември“ – Пехчево<br><br>ООУ „Ванчо | Октомври – јуни 2024 година | 5.000,00 денари | Општина Пехчево |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Китанов“ – Пехчево<br><br>ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи | | | |
| 10. | Закана од социјалните мрежи | Подигната свесноста кај децата за опасноста од социјалните мрежи и начини за нивна заштита. | Општина Пехчево<br><br>ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево<br><br>ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи | Континиурано 2024 | 5.000,00 денари | Општина Пехчево |
| 11. | Подигање на свеста за имунозација кај новородените деца од април 2023 до април 2024 | Подигната јавната свест кај населението за позитивните ефекти од имунизацијата на децата. | Општина Пехчево<br><br>НВО КХАМ Делчево сега (Организација жена - Пехчево ) | Април 2024 | 20.000,00 денари | Општина Пехчево |
| **ВКУПНО:** | | | | | | **640.000,00** |

Финансирањето на активностите утврдени со Програмата во износ од **640.000,00 денари** е предвидено со Буџетот на Општина Пехчево за 2024 година и финансиски средства обезбедени и од спонзорства и од донации.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои во својата актуелност, квалитет и општествен интерес ќе се појават во текот на 2024 година ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства во Буџетот на Општина Пехчево.

Бр.01-151/1
25.01.2024 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за усвојување на годишна програма за финансирање на проекти од областа на културата и спортот на општина Пехчево за 2024 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на годишна програма за финансирање на проекти од областа на културата и спортот на општина Пехчево за 2024 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 24-та седница одржана на ден 25.01.2024 година.

Бр. 09-158/17
25.01.2024 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62, став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/2002) и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 25.01.2024 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Годишната програма за финансирање на проекти од областа на културата и спортот на општина Пехчево за 2024 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ја усвојува Годишната програма за финансирање на проекти од областа на културата и спортот на општина Пехчево за 2024 година.

**Член 2**

Годишната програма за финансирање на проекти од областа на културата и спортот на општина Пехчево за 2024 година, е составен дел од оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-152/1
25.01.2024 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

**ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА**

**КУЛТУРАТА И СПОРТОТ НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО ЗА 2024 ГОДИНА**

**Јануари, 2024 ГОДИНА**

## 1. Вовед

Со Програмата за финансирање на проекти од областа на културата и спорот, чии активности се насочени кон развој на културата и спортот во општината, а од интерес на општина Пехчево за 2024 година, се утврдуваат нејзините цели и активности, како и висината на средствата за нивно финансирање.

Програмата ги дефинира целите на културната политика и развојот на спортот на општина Пехчево, кои треба да ги исполнат носителите на културните и спортските активности, односно, тие да бидат во функција на културниот развој и развојот на спортот на општината во 2024 година.

Со оваа Програма, врз основа на критериумите за финансирање на проектите, се утврдуваат активности кои ќе бидат финансирани со Програмата и висината на средствата за нивна реализација.

## 2. Цели

Основна цел на Програмата за финансирање на проекти од областа на културата и спортот чии активности се насочени кон развој на културата и спортот во општина Пехчево, е да се поттикне културната и спортската дејност на општинските институции, да се поттикнат и поддржат и други активности за негување на спортот, фолклорот, обичаите, вредностите кои се својствени за традицијата на нашето поднебје, како и организирање на културни манифестации, спортски натпревари и разновидни спесифични творештва преку:

- квалитетен и разновиден културен и спортски живот на ниво на општината;
- чување и афирмирање на матерјалното, духовното и културното наследство;
- достапност на културните добра и вредности до граѓаните;
- иновативност, впечатливост и оригиналност на идејата;
- континуитет на традиционалните културно – уметнички манифестации и спортски натпревари што се од интерес за општината;
- презентирање и афирмирање на современото творештво, урбаната култура и јавната уметност;
- развивање на младинската култура во чии рамки ќе се поддржуваат спортот, спортските активности, креативни и едукативни проекти од категории на изведбените уметности, визуелните уметности, уметност на новите медиуми и литература ( книги/албуми/графички новели);
- подршка и развивање на традиционалните културни вредности;
- воспоставување на соработка и партнерства во рамките на предложениот проект со една или повеќе јавни културни установи од општината, национални установи, граѓански организации, образовни институции, спортски клубови и други организации;
- одбележување на јубилејни настани и значајни датуми;
- промоција и афирмација на нови уметнички форми и изрази;
- организирање на фестивал и етно саем што се одржува традиционално во општина Пехчево;
- стимулирање и подршка на разни партнерски меѓународни проекти;
- изведба на едукативни работилници за деца и млади, со цел потикнување на нивната креативност и подобрување на културниот развој на децата, младите и лицата со посебни потреби;

## 3. Финанисрање на активностите утврдени со оваа Програма:

- *Организирање на Етно саем „Пехчевски Павловден“*
  - **Организатор на  активноста:** Општина Пехчево;
  - **Период на реализирање на активноста:** 13 јули 2024 година – денот на градот – Павловден. Активностите на овој проект се манифестираат преку организирање на саем на традиционална храна и рачни изработики на сувенири и носии, ракотворби,  како и промоција на истите;
  - **Целни групи на активностите:** Производителите на рачни ракотворби и традиционална храна, граѓаните на општина Пехчево и соседните општини од Малешевско – Пијанечкиот регион, општините од Источниот плански регион како и потенцјалните туристи;
  - **Очекувани резултати:** Со реализација на оваа културна активност се очекува да се збогати туристичката понуда за време на Етно саемот Пехчевски Павловден во Пехчево, да се зголеми бројот на учесници и потрошувачи, како и да се постигне поголема креативност на производите;

- *„Фестивал на дувачки оркестри – Пехчево“*
  - **Организатор на активноста:** Општина Пехчево;
  - **Период на одржување на активноста:** Во периодот од 12 – 13 јули  2024 година;
  - **Целни групи на активностите:** Граѓаните на општина Пехчево, сите учесници во Фестивалот на дувачки оркестри и сите останати туристи кои во тој период се дојдени за да уживаат во музиката на дувачките оркестри и во организираната програма;
  - **Очекувани резултати:** Збогатена туристичка понуда на Општина Пехчево и зголемен број на учесници на Фестивалот, како и поголема посетеност на истиот од страна на голем број туристи.
  - **Буџет: 1.630.000,00 денари**

- *Одбележување на денот на лагата и шегата 1 – Април – „Априлијада“*
  - **Организатор на активноста:** Општина Пехчево;
  - **Партнери во активноста:** ОЈУДГ „7 Септември“ – Пехчево, ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево и ОУ Дом на културата „Јане Сандански“ - Пехчево;
  - **Период на одржување на активноста:** 1 Април 2024 година;
  - **Целни групи во активноста:** Децата од детската градинка „7 Септември“ Пехчево и учениците од ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево и населението од општина Пехчево;
  - **Очекувани резултати:** Развој на креативноста кај децата и родителите, во соработка со учителките од градинката и наставниците од училиштето во правење на маски, како и успешно организирана програма на Плоштадот Свети Петар и Павле, за децата – маскарада посетена од локалното население во општина Пехчево, дружба на маскембалската забава, со кловнови и аниматори, која ја организира општина Пехчево во соработка со основното училиште и детската градинка за сите граѓани на општината;
  - **Буџет: 25.000,00 денари;**
- *Одбележување на денот на ослободувањето на Пехчево  „7 Септември“ – Пехчево;*
  - **Организатор на активноста:** Општина Пехчево;
  - **Партнери во активноста:** ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево
  - **Период на одржување на активноста:** 7 Септември 2024 година;
  - **Очекувани резултати:** Свечено одбележан денот на ослободувањето на градот Пехчево, со вклученост на сите општински институции во свеченоста, положување на свежо цвеќе, свечена седница на Советот на општина Пехчево,на која учествуваат и децата од детската градинка кои на тој ден го прославуваат роденденот на институцијата;
  - **Буџет: 20.000,00 денари;**

- *Одбележување на „Светски ден на сеќавање на жртвите од сообраќајни несреќи“*
    - **Организатор на активноста:** Општина Пехчево;
    - **Партнери во активностите:** ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево, ОСУ „Ацо Русковски“ – Берово ( дисперзирани паралелки – Пехчево), Полициска станица од општа наделжност – Берово – Канцеларија во Пехчево;
    - **Период на одржување на активноста:** 15 Ноември 2024 година;
    - **Очекувани резултати:** Организирање на едукативна настава за учениците од ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево и учениците од ОСУ „Ацо Русковски“ – Берово ( дисперзирани паралелки  - Пехчево) од страна на стручни лица од Министерството за внатрешни работи – Полициска станица од општа надлежност – Берово, канцеларија во Пехчево за правилата во сообраќајот и начинот на почитување на сообраќајните правила, со очекувани резултати дека децата ќе ја сватат суштината на предавањата и ќе го сватат начинот на нивното однесување во сообраќајот;
    - **Буџет: 3.000,00 денари**

- *Дочек на Нова година и Одбележување на христијанскиот празник – Водици;*
    - **Организатор на активноста:** Општина Пехчево;
    - **Партнери во активноста:** Црквата Св. Петар и Павле – Пехчево
    - **Период на одржување на активностите:** на 31.12.2024 година  и 19.01.2025 година;
    - **Буџет: 60.000,00 денари;**

- *Бела ноќ – 2024;*
    - **Водечка организација:** Општина Пехчево и Кафе бар „КИМ“ – Пехчево
    - **Период на одржување:** Август 2024 година;
    - **Очекувани резултати:** Зголемена културно – туристичка понуда во Пехчево, која ќе биде атрактивна како за локалното население, така и за туристите кои ќе дојдат да го посетат Пехчево во периодот на одржување на културната активност.
    - **Буџет:** Буџетот на културната манифестација „Бела ноќ“ е обезбеден од страна на Кафе бар „КИМ“;
    - **Општина Пехчево –** учествува со отстапување на просторот пред Кафе бар „Ким“ – Пехчево на Плоштадот во Пехчево;
    - **Буџет: 0 денари;**

- *Пехчево на точак – 2024 година;*
    - **Водечка организација:** Општина Пехчево и Група граѓани;
    - **Период на одржување:** Јуни 2024 година
    - **Очекувани резултати:** Поголем број на учесници од нашата држава и од соседните земји, кои со велосипеди ги запознаваат убавините на градот Пехчево и околината, како и промоција на општината во државата и надвор од неа.
    - **Буџет: 10.000,00 денари;**

- *Off Road – убавините на Пехчево;*
    - **Водечка организација:** Општина Пехчево и Група граѓани;
    - **Период на одржување:** Мај 2024 година;
    - **Очекувани резултати:** Промоција на убавините на градот и привлекување на поголем број на туристи и учесници во оваа атрактивна туристичка и културна манифестација, преку која со џипови се вози и посетува планинскиот врв на Кадиица;
    - **Буџет: 5.000,00 денари;**

- *Проектирање на цртани филмови за деца на платно на Плоштадот Свети Петар и Павле – Пехчево;*
  - **Водечка организација:** Општина Пехчево;
  - **Период на одржување:** Јуни – Август 2024 година;
  - **Очекувани резултати:** Проектирање на најгледаните цртани филмови на платно на Плоштадот Свети Петар и Павле за децата, кои во тој период се во Пехчево и за посетителите на градот Пехчево, како една културна манифестација и атракција за најмладата популација.
  - **Буџет: 40.000,00 денари;**

- *Малешевијата пее;*
  - **Водечка организација:** Општина Пехчево;
  - **Патнер во активноста:** Општинска установа Дом на културата „Јане Сандански“ - Пехчево
  - **Период на одржување:**
    - ✓ Распишувањето на јавниот повик за пријавување на учесниците од 01.05.- 31.05.2024 година;
    - ✓ Одржување на аудиција од 01.06 – 30.06.2024 година;
    - ✓ Одржување на манифестацијата: Септември – Октомври
  - **Право на учество:** Учесници можат да бидат деца и млади од 10 – 16 години од Пехчево и Берово кои ќе настапат со народни песни / во финалето ќе учествуваат вкупно 12 учесници
  - **Награди:**
    - ✓ Прва награда: Комплетно најдобар настан;
    - ✓ Награда за најдобра интерпретација;
    - ✓ Награда за најдобар сценски настап;
  - **Стручна жири комисија:**
    - ✓ Тројца членови – со завршно високо музичко образование;
  - **Очекувани резултати:** Социјализација и поголемо дружење на децата и младите од двете соседни општини, Пехчево и Берово, откривање на нови таленти од општините Берово и Пехчево, збогатување на културниот живот во Пехчево.
  - **Буџет: 50.000, 00 денари**

- *Натпревар во мал фудбал;*
  - **Водечка организација:** Општина Пехчево;
  - **Период на одржување:** 10-15 јули 2024 година
  - **Очекувани резултати:** Пријавени поголем број на екипи и избрана најдобрата победничка екипа во мал фудбал. Дружење и натпревар помеѓу членовите на натпреварувачките екипи.
  - **Буџет: 50.000,00 денари**

- *Малешевско ѕвонче;*
  - **Водечка организација:** Општина Пехчево;
  - **Период на одржување:** 7 Септември или 11 Октомври;
  - **Очекувани резултати:** Зголемена туристичка понуда и атракција за најмладата публика, промовирање на учесниците од горенаведеното фестивалче, забава и културен настан за најмладите.
  - **Буџет: 20.000,00 денари**

- *Ден без автомобили;*

- **Организатор на активноста:** Општина Пехчево;
- **Партнери во активноста:** ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево;
- **Период на одржување на активноста:** Месец октомври 2024 година;
- **Очекувани резултати:** Подигање на јавната свест кај учениците за здраво живеење и спортување и подигање на свеста за зачувување на животната средина;
- **Буџет: 3.000,00 денари;**

➢ *Спортски игри;*

- **Организатор на активноста:** Општина Пехчево;
- **Партнери во активноста:** ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево и Агенција за млади и спорт;
- **Период на одржување на активноста:** Месец септември 2024 година;
- **Целни групи во активноста:** Подигање на свеста кај учениците за здраво живеење и спортување;
- **Буџет: 3.000,00 денари;**

| **Финансирање на проекти од областа на културата за 2024 година** | | |
|---|---|---|
| *Реден број* | *Активности* | *Буџет* |
| 1. | Етно саем „Пехчевски Павловден“ и „Фестивал на дувачки оркестри“ - Пехчево | 1.630.000,00 денари |
| 2. | Одбележување на денот на лагата и шегата 1- април – „Априлијада“ | 25.000,00 денари |
| 3. | Одбележување на денот на ослободувањето на Пехчево „7 Септември“ - Пехчево | 20.000,00 денари |
| 7. | Одбележување на „Светски ден на сеќавање на жртвите од сообраќајни несреќи“ | 3.000,00 денари |
| 5. | Дочек на Нова година и Одбележување на христијанскиот празник Водици | 60.000,00 денари |
| 6. | Бела ноќ | / |
| 7. | Пехчево на точак – 2024 година | 10.000,00 денари |
| 8. | Off road – 2024 година | 5.000,00 денари |
| 9. | Проектирање на цртани филмови на платно | 40.000,00 денари |
| 10. | Малешевијата пее | 50.000,00 денари |
| 11. | Натпревар во мал фудбал | 50.000,00 денари |
| 12. | Малешевско ѕвонче | 20.000,00 денари |
| 13. | Ден без автомобили | 3.000,00 денари |
| 14. | Спортски игри | 3.000,00 денари |
| **Вкупно:** | | **1.919.000,00 денари** |

**4. Завршни одредби**

За активностите од областа на културата и спортот кои не се опфатени со оваа Програма, а ќе има потреба истите да бидат реализирани во текот на 2024 година и се од општ интерес за општината, Советот на општина Пехчево ќе изврши дополнувања на истата.

Бр.01-152/2
25.01.2024 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Пехчево за 2024 година**

СЕ ОБЈАВУВА Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Пехчево за 2024 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 24-та седница одржана на ден 25.01.2024 година.

Бр. 09-158/18
25.01.2024 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа(„Сл.весник на РМ“бр.5/02), а во врска со член 80-а од Законот за градење (Сл.весник на РМ бр. Службен весник на РМ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и Сл.Весник на РСМ бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22 и 111/23) и челен 30 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр.03/21), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 25.01.2024 година донесе:

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО ЗА 2024 ГОДИНА

Програмата за поставување на урбана опрема на пордачјето на Општина Пехчево за 2024 година на уредено градежно изградено земјиште во државна сопственост, опфаќа:

1. Локалитетите за поставување на урбана опрема ва Општина Пехчево и начин на користење на земјиште за поставување на истата;
2. Висина на надоместокот за користење на градежно уредено земјиште за поставување на урбаната опрема и начинот на плаќање на истиот;
3. Време траењето на користење и режимот на поставување на урбаната опрема (зимски и летен) во текот на календарската година;
4. Типот и формата на урбаната опрема која треба да биде поставена;
5. Преодни и завршни одредби;

### 1. ЛОКАЛИТЕТИТЕ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНАТА ОПРЕМА БО ОПШТИНА ПЕХЧЕВО И НАЧИН НА КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНАТА ОПРЕМА:

Локалитети во градот Пехчево:

1. Плоштад Св. Петар и Павле и Кеј Св. Петар и Павле – ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ;
2. Ул. Орце Николав и ГРАДСКИ ПАЗАР;
3. Ул. Јулија Веселинска и ГРАДСКИ ГРОБИШТА, ЗГРАДИТЕ ЗА ДОМУВАЊЕ и Црква Св Петар и Павле;
4. Ул. Равен – ОПШТИНСКА ЗГРАДА, ПОШТА, СТОПАНСКА БАНКА, МАТИЧНА СЛУЖБА И ЗГРАДИТЕ ЗА ДОМУВАЊЕ;
5. Ул. Илинденска – ШУМСКА ПОЛИЦИЈА, СПОРТСКА САЛА И ДЕТСКА ГРАДИНКА;
6. Ул. Даме Груев – ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ и ДЕТСКА ГРАДИНКА;
7. Ул. Индустриска – ЗДРАВСТВЕН ДОМ, ПОРАНЕШЕН ПЕНЗИОНЕРСКИ ДОМ, ПОЖАРЕН ДОМ, ПАРКИНГ и БЛОК БАРАКИ;
8. Ул. 8-ми Март - ЕКО ПАРК ЕЗЕРЦЕ;
9. Ул. Гоце Делчев – Мал парк;
10. Туристичка на селба РАВНА РЕКА
11. АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТ СВ. ПЕТКА
12. ЕДУКАТИВЕН ЦЕНТАР ЗА ЗАЧУВУВАЊЕ НА ПРИРОДАТА ВО СЕЛО НЕГРЕВО, ПЕХЧЕВО;
13. ТРОТОАРИ НА ГРАДСКИ УЛИЦИ – СО ШИРИНА ПОГОЛЕМА ОД 2М;
14. ЈАВНИ ПОВРШИНИ ПРЕД ДЕЛОВНИ ПРОСТОРИ (Плоштади и тротоари);
15. Јавни парцели во склоп на урбанистичките парцели на Колективните стамбени згради во Пехчево;
16. Локалитети во населените места во Општина Пехчево – ЦЕНТРИТЕ И УРЕДЕНИТЕ ПОВРШИНИ НА НАСЕЛЕНИ МЕСТА (СЕЛАТА) ВО ОПШТИНА ПЕХЧЕВО – 7 НАСЕЛЕНИ МЕСТА

Локациите на локалитетите за поставување на урбаната опрема, се потврдени со извод од Деталниот Урбанистички План на Пехчево, кој е составен дел на оваа Програма.

Доколколку се јави потреба од поединечни локации за поставување на урбаната опрема истите ќе се одредат со одлука за дополнување на програмата поставување на урбана опрема на Советот на Општината.

Поставување на урбаната опрема ќе се врши со постапка предвидена во член 80-а од Законот за градење (Сл.весник на РМ бр. Службен весник на РМ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и Сл.Весник на РСМ бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22 и 111/23)

## 2. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Висината на надоместокот за користење на просторот за поставување на урбаната опрема во Општина Пехчево, се определува согласно со местоположбата од Одлуката за определување на зони во Општина Пехчево, бр.08-1507/1 од 21.12.2023 год. донесена од страна на Советот на Општина Пехчево, и тоа за:

Зона 1, со нејзините подзони,(централно градско подрачје) надомест за користење од 10денари/м2 од ден.

Зона 2, со нејзините подзони, (вон централно градско подрачје) надомест за користење од 5денари/м2 од ден.

Која ќе биде определена со посебно Решение за користење соглеасно Одлуката за комунални такаси, донесена од страна на Советот на Општина Пехчево.

Надоместокот за уредување на градежнотоземиште за поставената урбана опрема, при евентуално поврзување со инфраструктурна мрежа, ќе го определи Општината, а во висина на остварените трошоци за приклучување на инфраструктурата(струја, вода канализација).

## 3. ВРЕМЕ ТРАЕЊЕТО НА КОРИСТЕЊЕ И РЕЖИМОТ НА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНАТА ОПРЕМА ВО ТЕК НАКАЛЕНДАРСКАТА ГОДИНА

Времетраењето на користење на просторот за поставување на урбаната опрема е за период од една календарска година и е определено со Решението за поставуваање на урбана опрема, со можност за продолжување по истекот за наредната година. Решението се издава по барање на странката – корисник на урбаната опрема, а врз основ на изготвен идеен проект за начинот и времетраењето на користење, кое ќе биде потврдено со Договор за наплата на надоместокот.

## 4. ТИПОТ И ФОРМАТА НА УРБАНАТА ОПРЕМА КОЈА ТРЕБА ДА БИДЕ ПОСТАВЕНА

Урбана опрема преставува опрема која се поставува на градежно изградено земјиште. Под урбана опрема, се смета штандови за  весници, сувенири, цвеќиња, храна, сладолед, телефонски говорници, автобуски постојки, опрема во функција на туристички спортски и културни настани, опрема за спортско рекреативни активности, опрема во јавни санитарни јазли, тераси со или без настрешници, платформи за јавни манифестации на копно и на водена површина, покриени и непокриени шанкови, рекламни и информативни паноа, детски игралишта, настрешници кои се поставуваат на јавни површини, фонтани , чешми за пиење на вода, клупи и корпи за отпадоци и сл.

## 5. ПРЕОДНИ ИЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

5.1 Типот и изгледот на урбаната опрема во Општина Пехчево ќе биде дополнително определен во зависност од потребите и интересот на учесниците во огласот и од местопложбата на локацијата.

5.2 Урбанта опрема се поставува за времетраење од 1 година со можност по истекот, овој рок да биде продолжен со ново решение.

5.3 Правото на користење на градежното земјиште за урбана опрема, моше да биде одземено и објектот отстранет од локалитетот доколку објектот се користи за друга намена и се вршат дејности различни од предвидените, како и доколку корисникот не го плаќа надоместокот за користење за поставување на урбана опрема во предвидениот рок.

5.4 Одземање ан нправото за користење и отстранување на објектот ќе се изврши со решенија за отстранување од страна на општината, а одделението за инспекциски надзор ќе ги изврши решенијата.

5.5 Меѓусебните права и обврски во днос на уредување на градежното земјиште меѓу корисникот на земјиштето и општината ќе се регучлира со посебен договор.

5.6 До колку корисникот на урбаната опрема , не го плати надоместокот за поставување на урбанта опема, во рока од 15 дена од денот на издавањето на решението за поставување , го губи правото на користење на градежното земјиштее за поставување на урбаната оперма.

5.7 Доколку дојде до промена на деталниот урбанистички план на локалитетите на кој е поставена урбаната опрема , корисниците се должни на свој трошок да јд тргнат урбаната опрема, во рок од 15дена од доставувањето на решението , без оглед на рокот за кој е поставена опремата.

5.8 Корисникот на урбаната опрема неможе да го оттуѓи правото на вренмено користење на градежното земјиште , ниту да го дава објектот под закуп на други лица. Ако го оттуѓи правото на користење на земјиштето или објектот го даде под закуп со решение ќе му биде одземено правото на поставување на урбаната оперма.

5.9 За бучни занаети и занаети што ја загрозуваат човековата околина во оваа програма не се предвидени лакации за урбаната опема затоа што согласно ДУП-от се предвидени посебни зони за такви објекти.

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Пехчево“.

Бр.01-153/1 Совет на општина Пехчево
25.01.2024 година Претседател
Пехчево Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за усвојување на Програма за работа на одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР, при општина Пехчево за 2024 год**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на Програма за работа на одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР, при општина Пехчево за 2024 год, што советот на општина Пехчево ја донесе на 24-та седница одржана на ден 25.01.2024 година.

Бр. 09-158/19
25.01.2024 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 62 став 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02), член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 25.01.2024 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Програмата за работа на одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР, при општина Пехчево за 2024 год.**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ја усвојува Програмата за работа на одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР, при општина Пехчево за 2024 год.

**Член 2**

Програмата за работа на одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР, при општина Пехчево за 2024 год, е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-154/1
25.01.2024 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

**ПРОГРАМА**
**За работа на одделението за урбанизам комунални дејности и заштита на животната средина во делот на животната средина и ЛЕР на општина Пехчево за 2024 год.**

Во текот на 2024 год. Одделението за урбанизам при Општина Пехчево ги има планирано следните задачи и програми:

1. Следење на законските и подзаконските акти од областа на Данок на имот како (данок на имот, фирмарини, купопродажни договори, оставински решенија и данок на наследство и подарок.
2. Следење на законските и подзаконските акти од областа на урбанистичкото и просторното планирање и заштита на животната средина и Законот за градење.
3. Следење на состојбата во областа на урбанизамот на подрачјето на Општината покренување иницијативи и предлози за донесување или изменување на деталните урбанистички планови.
4. Прибирање и стручно обработување на барањата и иницијативите од физички и правни лица за измени на детални урбанистички планови.
5. Издавање на одобренија за градби.
6. Објавување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Пехчево.
7. Реализација на сите урбанистички планови и документација и издавање на целата потребна техничка документација.
8. Реализација на сите постапки околу имотно правните работи (како експропријација, узурпација и купопродажба на имоти во корис на општината)
9. Програма за изработка на урбанистички планови ДУП, ГУП, УП, УПС/УПВНМ, УП, на подрачјето на Општина Пехчево.
10. Изградба до изградба и реконструкција на улици на подрачјето на Општина Пехчево.
11. Реконструкција и рехабилитација на улици, пешачки патеки на подрачјето на Општина Пехчево.
12. Набавка и изградба на сигнализација на подрачјето на општина Пехчево.
13. Одржување и заштита на локални патишта и улица, зимско одржување и регулирање на режимот на сообраќај на подрачјето на Општина Пехчево.
14. Изградба , реконструкција и одржување јавно осветлување на подрачјето на Општина Пехчево.
15. Објавување на Програмата за работа во областа на располагање со градежнмо земјиште во сопственост на РМ на подрачјето на Општина Пехчево.
16. Објавување на годишната Програма за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на Општина Пехчево.
17. Расчистување и ставање во функција на постојниот отворен базент на улица „Првомајска,,
18. Следење на состојбите за уредување на јавното зеленило.
19. Озеленување и поставување на урбана опрема на не уредените слободни површини.
20. Доврушување и одржување на урбана опрема и зеленило на месноста „ Езерце,, Пехчево
21. Одржување на водопадите во месноста „Равна Река,,
22. Изградба, реконструкција на првиот(спиковски) водопад на туристичката населба Равна Река.
23. Одржување на речните корита на подрачјето на Општина Пехчево.
24. И други работи што ќе му бидат ставени во надлежност во согласност со законите и другите прописи.

Извори на финансирање:

1. Министерство за животна средина и просторно планирање.

2. Министерство за Транспорт и Врски-Светска Банка.
3. Невладини организации (здруженија на граѓани)
4. Сопствено учество.
5. Јавно претпријатие за државни патишта

За реализација на Програмата ќе се грижи Градоначалникот на општината и административните работници со помош на надворешни соработници.

Програмата ќе се објави во Службен гласник на општината.

Бр.01-154/2
25.01.2024 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 84 и 85 од Законот за градежно земјиште (Сл. Весник на РМ бр. 52/2013), а во врска со член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр, 5/2002) и член 30 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Пехчево, (Сл. Гласник на ОП бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево, донесува:

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**
**НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО ЗА 2024 ГОДИНА**

Оваа Програма претставува континуитет на преземените активности за уредување на градежното земјиште од претходните години и се базира на досегашното искуство во спроведувањето на урбанистичките планови и потребите за планско уредување на градот. Според тоа, реализацијата на урбанистичките плановi исклучиво ке се одвива согласно оваа програма

Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Пехчево за 2024 година е основ по која ќе се врши уредување на градежното земјиште и опфаќа:

1. Простор кој е предмет на уредување и обем на уредување;
2. Обемот и степенот на опремување на градежното земјиште со објекти на основна И секундарната инфраструктура,
3. Висина на надоместокот за уредување на градежното земјиште и негова распределба и пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште;
4. Определување на цена на градежно земјиште при решавање на имотно правни односи за потребите на градежното земјиште,
5. Динамика на извршување на Програмата;
6. Граници и зони во потесниот градежен реон во Пехчево.
7. Преодни и завршни одредби;

И покрај тоа што со оваа програма се дефинирани обврските за уредување на градежното земјиште., истата е отворена за измени и дополнувања и во неа можат да бидат вградени и евентуални други задачи доколку има потреба и се создадат услови и финансиски сретства за нивна ургентна реализација во текот на 2024 година.

Програмата е релативно обемна и сеопфатена со цел да се овозможи задоволувањето на потребите на градежната оператива, граѓаните и другите субјекти за изградба на куќи за становање,

деловни и стопански објекти , станбени згради и друго што од своја страна треба да го спречи незаконитото градење кое перманентно преставува проблем во градот.

1. **ПОДРАЧЈА СО ПОБЛИСКО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО КОЕ ЌЕ СЕ УРЕДУВА ВО 2024 год.**

1.1 Уредување на градежното земјиште во 2024 година ќе се врши во градот Пехчево на подрачјето опфатено со Детален урбанистички план на градот;

Како градежно земјиште се смета изграденото и неизграденото земјиште на подрачјето на Општина Пехчево со населбите, како и подрачјето за станбени и друга изградба одредени со Генералниот и Деталниот урбанистички планови, и измените и дополнувањата за град Пехчево, како и населените места за кои има УДНМ, односно Урбанистички план за село или ГУП.

Уредувањето на градежното земјиште надвор од градежниот опфат на градот Пехчево или населените места ќе се врши со донесување на Одлука на Советот на општината и согласност од надлежното Министерство, на основа на изработен Урбанистички Проект и урбанистички план вон населено место.

Програмата ќе биде отворена и во неа ќе бидат вградени и други локации за кои ќе има потреба од нивна ургентна реализација. Пресметувањето на надоместок за уредувањето ќе се врши согласно правилнико за уредување на градежно земјиште и реалните трошоци трошоци.

1.2 Уредувањето на градежното земјиште за изградба на објекти надвор од урбаниот опфат и во случаи кога уредувањетио не е предвидено со Програма, го врши инвеститорот на свој сопствен трошок.

**2. ОБЕМ НА УРЕДУВАЊЕ И СТЕПЕН НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО СО КОМУНАЛНИ ОБЈЕКТИ И ИНСТАЛАЦИИ**

2,1 Градежното земјиште за локациите од точка 1,1 на оваа програма ќе се уреди со комплетна комунална инфраструктура ( основна уреденост) на следниот начин;

- Изградба на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат;
- Изградба на водоводна мрежа м;
- Изградба на фекална канализација
- Изградба на електрична мрежа;
- Расчистување на имотно-правни односи
- Рушење на објекти
- Надоместок на експропријација на градежно земјиште
- Граници на зони во потесниот градежен реон
- Извори на средства за финансирање на активности околу уредување на градежно земјиште и изградба на комунална инфраструктура.

➢ **Опремување на градежното земјиште со инфраструктурни објекти**

- Изградба на улици и тротоари
- Изградба на улична водоводна мрежа во градот Пехчево и населените места, како и системи за водоснабдување во руралните подрачја,
- Изградба на улична фекална и атмосверска канализација мрежа во град Пехчево и населените места ,како и системи за одводнување и прочистување на отпадни води во населените места во општината.

➢ **Урбана опрема**

➢ **Одводнување и прочистување на отпадни води**

- **Јавна чистота**
- **Озеленување на јавни површини, одржување и користење на паркови и зеленило**
- **Изградбха и одржување на јавно осветлување**
- **Одржување на спомен обележја**

Со оваа Програма не се предвидува приклучување на електрична мрежа на објектите предвидени со урбанистичкиот план, како и приклучување на ПТТ мрежа,што значи дека финансирањето на приклучувањето на тие објекти на инсталации, односно нивната изградба ќе ја извршуваат претпријатија што управуваат со истите.

Степенот на уреденоста на градежното земјиште се определува според обемот на опременоста на земјиштето со објекти на комунална инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка до градежната парцела и може да биде основен, повисок и понизок од основниот степен на уреденост и

ќе се реализира согласно со динамиката на прибирање на средства (сите средства прибрани за уредување на урбаниот блок во тековната година ќе бидат вложени за уредување) а додека целосното уредување ќе се реализира со прибирање на вкупните средства предвидени за комплетно уредување на урбаниот блок.

Основен степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура опфаќа:непречен пристап до градежната парцела, (улици,неасфалтирана, со тротоар),пешачки патеки и други површини согласно урбанистики планови, подземна електрична мрежа,улично осветлување,водоводна мрежа,фекална канализација,атмосферска канализација.

Повисок степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура ги опфаќа објектите (наведени во основниот степен-асфалтирана улица) како и :ПТТ мрежа , паркинг простор и пречистителна станица за отпадни води.

Понизок степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура опфаќа: непречен пристап до градежната парцела,сопствено водоснабдување,септичка јама,сопствен одвод на атмосферски води,нестандардно улично осветлување и надземна нестандардна електрична мрежа.

## 3 ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПО ЗОНИ И РЕАЛНИТЕ ТРОШОЦИ ВО СЛЕДНИОТ ИЗНОС

3.1 За локации со основен степен на уреденост:

- геодетски работи ------------------------------------ 20,00 ден/м2
- проектирање ---------------------------------------- 30,00 ден/м2
- улица (пробиена)------------------------------------ 350,00 ден/м2
- водовод---------------------------------------------- 200,00 ден/м2
- канализација --------------------------------------- 200,00 ден/м2

ВКУПНО------------------------------ **800,00 ден/м2**

3.2 За локации за повисок степен на уреденост:

- геодетски работи ---------------------------------- 20,00 ден/м2
- проектирање --------------------------------------- 30,00 ден/м2
- улица (асфалт) ------------------------------------- 500,00 ден/м2
- водовод -------------------------------------------- 200,00 ден/м2
- канализација--------------------------------------- 200,00 ден/м2

ВКУПНО----------------------- **950,00 ден/2**

3.3 Надоместокот за уредување на градежното земјиште за 2 ( втора) и за 3(трета) зона се намалува за 15%.

За доградби надгарби, изградба на помошни објекти (гаражи , шупи и други објекти) надоместокот се намалува за **50%** во однос на точка 3.1 и 3.2

